СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 25 февруари 1993 година

Скопје, февруари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 56-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 25.II.1993 г.**


ДНЕВЕН РЕД:стр.55

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 6, 9, 11, 36, 47, 49, 54, 64, 79, 73, 75, 79
2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 4, 5, 102
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 28, 29, 30
4. АЛИУ ЕШТРЕФ - 41
5. АНТОВСКИ КОСТА - 53
6. АРСОВ ДРАГИ - 66, 67, 69
7. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД-75,109
8. АБДИ ФАИК - 94, 103
9. БОШКОВ ЈОРДАН - 14, 15
10. ГОШЕВ ТУШЕ - 108, 112, 114
11. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 24, 25, 27, 95
12. ДИМИТРОВА РАТКА - 39, 40
13. ДИМОВСКА ДОСТА - 45, 89
14. ЗИБЕРИ НАСЕР - 26, 27
15. ИВАНОВ ИВАН - 96
16. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 89
17. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 74
18. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 96
19. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 26, 70, 98, 100
20. КЕЛЕШОВ РИСТО - 76, 78, 81
21. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 83
22. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 103
23. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 3, 43, 48
24. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 51, 52, 53
25. МАРКОВСКА ГУЛИСТАНА - 8
26. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 32
27. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 93
28. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 106
29. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 115
30. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН - 16, 31, 34, 35
31. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 73
32. НИКОЛОВ ЈОВАН - 99
33. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 42
34. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 38, 97
35. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 36, 37, 49, 65, 111
36. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 72
37. САБРИУ ИЛЈАЗ - 99, 101
38. САДИКУ ФЕРИД - 95, 102
39. СТОЈАНОВСКИ НАКЕ - 94, 104
40. СТОЈАНОВСКА СЛАВЈАНКА - 90
41. СПИРОВСКИ ИГОР - 17 (прозивка)
42. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 23
43. СТАНКОВСКИ РИСТО - 41, 74, 87
44. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 43
45. СЕЛМАНИ НАИМ - 44
46. ТРАЈКОВСКИ ПЕТАР - 95
47. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 113
48. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 79
49. ТЕМЕЛКОВСКИ ПЕТАР- 85, 86
50. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 92, 96
51. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 35, 45, 87
52. ХАЛИЛИ АБДУРАХМАН - 47
53. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ- 85, 86, 88
54. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 110
55. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 8, 11, 14, 22, 33, 37, 49, 69, 71, 80, 83, 84
56. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 76


- седницата продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 февруари 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Притоа ве известувам дека група од шест пратеници ми предложија наместо денес да ја одржиме Педесет и шестата седница, да продолжиме со Педесет и третата седница, со последната точка. Меѓутоа, бидејќи има повеќе предлози од итен карактер од Владата и од пратенички групи, а не е возможно ако продолжиме со Педесет и третата седница да им дадеме третман на тие предлози, бидејќи не може да биде разгледувано некое дополнување на дневен ред, сепак се одлучив да ви предложам ние да работиме на Педесет и шеста седница, да утврдиме дневен ред, да работиме по итните прашања, а ако наидеме на погоден распоред на темите кои дозволуваат од оваа седница да може да се прекине, бидејќи имаме многу точки на дневен ред, денес не ќе можеме да ги решиме, тогаш да завршиме со Педесет и третата седница. Мислам дека се согласувате со тоа.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Благоја Чкатроски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

I/2.-ЈМ/МЛ

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од Педесет и втората и Педесет и четвртата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (нема).

Констатирам дека записниците од Педесет и втората и Педесет и четвртата седница се усвоени без забелешки.

За денешната седница поканети се: претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Претставници на подносителите на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон.

Господинот Томислав Стефковски сака да даде процедурална забелешка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници мислам дека претседателот на Собранието укажа дека група пратеници на ВМРО бараат да продолжи Педесет и третата седница и дефинитивно да ја завршиме расправата, а остана само една единствена точка околу информирањето и положбата во РТВ. Бидејќи одлагањето на седницата настана заради потребата како што беше кажано од претставникот на СДС од дополнителни договарања и разгледувања на проблемот што треба да се расправа. Сметам дека ако претседателот Андов оценува, или има таква информација дека сеуште траат договарањата во Социјалдемократскиот сојуз во врска со таа точка, последната точка од

Педесет и третата седница, да каже кога ќе продолжи Педесет и третата седница. Мојата интервенција е само во овој смисол.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не бев известен дека завршиле консултациите, а имав други причини зошто сега ја закажувам Педесет и шестата седница. Сега ве известувам дека во текот на идната недела ќе го закажам продолжувањето на оваа седница без оглед кои консултации траат и се завршени, бидејќи доста време дадовме за тоа.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, јас процедурално сакам да констатирам дека еве не е ова првпат денеска што се случи три часа да задоцни седницата на Собранието без да добиеме било какво образложение. Јас го молам претседателот на Собранието барем да ни даде некое образложение зошто седницата задоцни три часа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира ќе дадам објаснување, само госпоѓа Лазаревска треба да има малку трпение кога ќе дојдеме на дневниот ред, бидејќи таму стои образложението во врска со дневниот ред. Тогаш ќе дадам образложение.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Вие требаше да дадете образложение кога го почнавте првиот збор, кога почнавте да зборувате заради објаснување на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да. На пратениците тогаш ќе им објаснам. Објаснив сега зошто мораме да имаме седница и се договоривме, ќе ви објаснам и ќе видите

дека е врзано сепак за дневниот ред.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Дами и господа и колку да сакам да бидам нескептичен и да не изразам сомневање дека навистина седниците подготвени, дневниот ред подготвен за ваквите седници нема повеќе партиски, да се запази партискиот интерес отколку заедничкиот интерес, јас доаѓам до една констатација дека навистина тоа е така. Имено, ако сепак за мене прашањето на поставување на организационата поставеност на средствата за јавно информирање...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Андоновски во врска со што зборувате?

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас зборувам во врска со утврдување на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме сега утврдување на дневен ред. Не сме минале сеуште на тоа.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас зборувам за предложениот дневен ред кој што нас ни е доставен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сеуште не сме дошле до тоа.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Зборувам зошто Педесет и третата седница не продолжува. Мислам дека сум јасен.

I/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го консултирав Собранието и прашав "се согласувате", се согласија.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Мислам дека не се согласивме. Не се изјаснивме, ние не дадовме дециден одговор дека се согласуваме да продолжи оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе го дадам на гласање.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Но, сепак, да дадам образложение. Јас да дадам мое мислење како треба да биде. Сепак, јас треба да дадам одредено мислење веќе кога се поставува нешто на гласање, ние како пратеници Треба да бидеме информирани и треба да изнесеме одредени свои ставови. Зошто ова не е реткост прашања од егзистенцијален, од круцијално значење практично се запоставуваат. На овој начин сметам дека ние не одиме во теми што ќе значат зацврстување на нашата пазарна економија, јакнење на нашата демократија, јакнење на она што значи утврдување на нашиот политички суверенитет. Од тие принципи поаѓам и мислам дека кога веќе се конструира дневниот ред треба да се појде од таа позиција. За мене прашањето на поставување на јавните гласила не е прашање од маргинален карактер. Мислам дека е тој битен во градење на вкупните наши демократски односи. Зошто навистина ќе се доведеме во ситуација наместо ние да направиме демократска и критична јавност, да направиме јавност во критична состојба. Прашањето на не поставување на прашањето за приватизација на општествениот капитал значи губење, одење надвор од патеката на пазарната економија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа нема врска со ова што дојдовте да зборуваме овде.

Повторно ќе објаснам во дневниот ред за Педесет и шестата седница која ја свикав има најмалку 20 точки со кои ако ги донесеме се намерава да се доградува системот, да одиме кон пазарно стопанство, да ја градиме демократијата итн. Некои од нив се од итен карактер. Со дописот ми е означено дека се од итен карактер. Потоа од пратенички групи сум добил предлози кои се од итен карактер. Ако продолжиме со Педесет и третата седница целото тоа ќе чека, не може да дојде на дневен ред, бидејќи немаме инструмент на дополнување на дневните редови. Инаку, тоа би било хаос. Затоа јас така решив, ви испратив решение за Педесет и шеста седница, а потоа кога ќе го утврдиме дневниот ред, ќе ги расправаме итните точки, бидејќи не можеме денес се да завршиме во траење на Педесет и шеста седница можеме да се навратиме и на Педесет и трета седница ова да го расправаме. Тоа е објаснувањето. И за тоа не треба сега да се рас- права, туку дали прифаќа Собранието да одиме на Педесет и шеста седница?

Кој е за, нека крене рака.

Прашањето е формулирано. Кој е за, молам да крене рака. Педесет и осум пратеници гласаа за.

Кој е против? Дваесет и осум пратеници.

Дали некој се воздржува од гласањето? Двајца.

Според тоа, одиме на Педесет и шеста седница.

Комисијата за труд и социјална политика му предлага на Собранието Информацијата за одразот на Законот за материјалното обезбедување на учесниците во НОВ врз материјалната и социјалната

положжба на корисниците на правата според овој закон, да послужи за информирање на пратениците.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат).

За овие работи обично не гласавме досега. Ако сакате сега напната атмосфера, можеме.

Молам кој е за да не се расправа по оваа Информација, туку само за информирање да биде, кој е за предлогот на Комисијата. Вие ја сочинувате таа комисија.

Кој е за, молам да крене рака. Педесет и девет пратеници.

Дали има некој против? Двајца.

Дали некој се воздржува од гласање? Дваесет и два пратеника.

Според тоа констатирам дека предлогот на Комисијата за труд и социјална политика Собранието го усвои.

Пратеникот Тодор Петров достави барање, Собранието на Република Македонија да побара од Владата на Република Македонија да изготви "Информација за примената на Законот за престанување на важноста на Законот за употреба на името и ликот на Јосип Броз Тито и мерките кои Владата ги презела за неговото спроведување", "Информацијата за настаните во Дебарска Жупа и барањата за воведување настава на турски јазик во македонските училишта" и "Информација за дивите паралелки на албански наставен јазик во Република Македонија".

Владата на Република Македонија ги достави бараните информации. Меѓутоа во пропратното писмо Владата го извести Собранието дека зазела став овие информации да се третираат како одговори на пратенички прашања, бидејќи истите се изготвени по барање на пратеник.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни дали овие информации можат да послужат за расправа на седница на Собранието, или пак Владата останува на својот став изнесен во пропратното писмо.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Деловнички гледано сега расправата би била хендикепирана бидејќи главниот предлагач не е тука, меѓутоа ако се инсистира на одговорот на Владата по ова прашање можам да ви кажам дека останува ме на ставот од пропратното писмо, бидејќи се работи за информации кои што се бараат по разно разни прашања и сметаме дека тоа е прав начина такви информации да се добиваат низ институцијата на пратенички прашања. Инаку, ако тоа се третира секогаш такви прашања да одат на дневен ред на Собранието итн. едноставно ние ќе се блокираме во својата работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ислушавме излагањето на претседателот на Владата.

Кој е за тоа споменатите информации да се разгледаат на наредната седница на Собранието, молам да крене рака.(Седум пратеници .

Според тоа не е усвоено информациите да се разгледаат.

**ГУЈШСТАНА МАРКОВСКА:**

Се јавив за збор навистина чисто процедурално. Дури и претседателот на Владата кој исто така одлично го знае Деловникот на ова Собрание рече дека не е во ред за нешто што предлага било кој предлагач од ова Собрание во негово отсуство да одговара Владата и притоа Собранието да гласа. Според тоа ред ќе беше на тоа нешто да се одговори барем на следната седница, односно да се донесе став.

Мислам дека намерно и свесно го кршиме Деловникот без потреба. Така што предлагам тоа нешто да си се гласа на седницата кога ќе биде присутен и предлагачот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никаде не е предвидено тој што предлага, предлага, а да не доаѓа на седници и да не каже зошто и да не се јави кај претседателот. Прво тоа. Второ, јас уредно сум добил предлог. Предлогот морам да го дадам на изјаснување. За наредни седници, ако сакаат, други седници, нека си предложат пак. ^о тоа е работата. Не можам да го дадам на изјаснување предлогот нд. претседателот на Владата заради тоа што претседателот на Владата даде став само на Владата, а предлогот од овластен предлагач е. Пратеникот е овластен предлагач. Тоа е неговиот третман, ништо друго.

Кој е за предлогот на Тодор 1Летров по овие информации да се расправа на Собранието, нека крене рака. (Триесет и два пратеника)

Предлогот не е прифатен.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе барање на дневен ред на седница на Собранието да се стави прашањето за мерките што треба да се преземат од надлежните органи за надминување односно ублажуваше на присутните проблеми сврзани со исплатата на средства-та на девизните штедачи од банките.

Комисијата за економска политика и развој го разгледа барањето и му предлага на Собранието да го прифати мислењето на Владата на Република Македонија, Собранието за ова прашање да не расправа додека траат активностите на Владата за подготвување на законските акти во кои ќе бидат содржани можните решенија за сервисирање на девизните штетни влогови на граѓаните со утврдена динамика и соодветна квантификација.

I/10.-

Исто така, Комисијата предлага Собранието на Република Македонија да и препорача на Владата на Република Македонија да ги забрза активностите околу утврдувањето на целосната конструкција за решавање на овој проблем од реални извори на средства, при што, најдоцна до 10 март 1993 година на Собранието да му предложи мерки за ублажување на присутните проблеми, со кои ќе се овозможи исплата на средства за задоволување на најнеопходните егзистенцијални потреби на граѓаните.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака. (Седумдесет и шест пратеници).

Дали има некој против? (Двајца).

Дали некој се воздржува од гласање? (Четворица).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Комиси- јата за економска политика и развој.

Пратеникот Јаким Ивановски достави барање Собранието да побара од Владата на Република Македонија да изготви Информација за вкупните ефекти од спроведувањето на Законот за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањата на тековите на општествената репродукција на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 55/91) за целиот период на неговата примена и таа да биде разгледана на седница на Собранието.

Барањата на пратеникот Јаким Ивановски е доставено до Владата на Република Македонија. Меѓутоа, Владата се нема произнесено по ова барање.

Го молам претставникот на Владата да го изнесе ставот на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Владата сеуште не успеа на седница на Владата да го разгледа барањето на пратеникот Јаким Ивановски. Заради тоа предлагаме оваа работа да се разгледа на следната седница кога ќе имаме и соодветно мислење и став.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за тоа Собранието да го прифати барањето на пратеникот Јаким Ивановски? (Триесет пратеници).

Според тоа констатирам дека Собранието не го прифати барањето на пратеникот Јаким Ивановски.

Претседателот на В^адата достави известување во врска со оставката на министерот за односи со странство д-р Денко Малески.

Известувањето ви е доставено.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да се дополни со Оставка на членот на Владата и министер за односи со странство д-р Денко Малески.

Кој е за предлогот, молам да крене рака. (Осумдесет и четири пратеника).

Дали има некој против? (Двајца).

Дали некој се воздржува од гласање? (Еден пратеник).

II/1 СП/НД

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлагам дневниот ред за денешната седница да се дополни со Барањата на Општинскиот суд Радовиш за давање одобрение за водење кривична постапка против судиите Димитар Стевчев и Добрин Казанџиев.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (49)

Дали има некој против? (3) ј

Дали некој се воздржува од гласање? (8) Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата му1 предлага на Собранието дневниот ред да се дополни со:

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и Комисијата за образование, наука и култура.

2. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување директор на Републичкиот завод за вработување.

3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисиите на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака? (65) .

Дали има некој против? (6)

Дали некој се воздржува од гласањето? (3)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

II/2

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана му предлага на Собранието дневниот ред за денешнава седница да се дополни со следните точки:

1. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за движење и престој на странци со Предлог на закон,

2. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за прекршоците против јавниот ред,со Предлог на закон.

3. Предлог за донесуваше на закон за изменување на Законот за набавување, поседување и носење на оружје,со Предлог на закон.

Кој е за Предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (72) .

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Јордан Бошков предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информацијата за активностите на Владата на Република Македонија околу аранжманот за изградба на сместувачки капацитети со финансиска донација на Владата на Северна Рајна – Вествалија - Германија.

Предлогот на пратеникот Јордан Бошков, е доставен до Владата, меѓутоа Владата не се произнесе по овој предлог.

Имате уште еден предлог кој сега ви е доставен, треба да се договориме дали два слични предлога треба да даваме на изјаснување. ,

Збор има господинот Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас сакам да обрнам внимание на тоа дека мојот предлог е по содржина поинаков од предлогот од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ инаку предлог кој исто така е поддржан од мене и јас стојам таму под број 7 како потписник.

Имено, јас барав на 9 февруари, а можеше и порано, информација за тоа што презела Владата за да се склучи таков аранжман. Таква информација не видов. Немилите настани кои уследија од петокот и минатиот викенд во тие три дена се тема, според мое видување, која треба да биде исто така тука разгледана, но посебно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, бидејќи господинот Бошков се јавува како предлагач на две точки, а Владата може да одлучи !дали ќе ги опфати во иста информација двете проблематики, треба да го слушнеме претставникот на Владата дали мисли дека треба одвоено тоа да го обработи и да се расправа или комплетно да се обработи.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

И од самото образложение на предлагачот господинот Бошков произлегува дека за сите овие активности и релации на соработка помеѓу Владите на Северна Рајна Вествалија и Република Македонија едноставно не може да се говори барем не во ова време, а да не се опфати овој дел кој е содржан во една друга иницијатива а тоа е на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Овие две работи според мене, не можат да се исклучат, со оглед на тоа дека предлогот на господинот Бошков е поширок и посодржаен отколку што е предлогот на

пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ. Со тоа што со оглед на датата која е презентирана од страна на пратеникот Бошков, а тоа е 9 февруари како дата кога е поставено неговото прашање односно иницијатива за информација, јас повторно значи пред настаните во Горче Петров, повторно би сугерирал такви работи да одат во форма на институција на пратенички прашања. Значи тогаш кога било поставено тоа било иницирано од она што подоцна се случи во Горче Петров целта е следната: Ако го ставиме инцидентот во Горче Петров на страна беше иницијатива каква е соработката меѓу Северна Рајна Вествалија и Република Македонија. Такви иницијативи може меѓу Република Турција и Република Македонија, меѓу Република Албанија и Република Македонија што значи дека најсодржајни и најразноврсни можат да бидат и правото место за такви, сега говорам за предлогот на пратеникот Бошков и за моментот кога е даден е низ институцијата на пратенички прашања.

Што се однесува до предлогот на ВМРО-ДПМНЕ на Пратеничката група околу случајот конкретно во Горче Петров ќе го дадам своето мислење тогаш кога тој предлог ќе дојде на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Бошков прифаќа да биде обработено во иста информација.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас не можам во целост да се согласам со изложеното од претседателот на Владата господинот Црвенковски, бидејќи моето барање за информација е уследено не поради ситни појави, туку токму по]5ади тоа што беше веќе предвидливо до што може да дојде во населбата поточно во Горче Петров, за мене тоа не е скопска населба,

морам да ви го кажам и тоа, така што оваа зделка ако може да се третира така таа спогодба или тој протокол врз основа на што произлегува таквиот ангажман на нашата градежна оператива по мое видување заслужува да биде третирано посебно..

Нормално е да се почне како пратеничко прашање, тоа би била вообичаената процедура. Но, ние имавме веќе експлозивна ситуација на местото така што сметам дека оваа тема заслужува да биде овде дискутирана. Јас не би сакал да се спојат, бидејќи, самите настани по себе инволвираат и употреба на репресивни мерки, па има и медиски третман, има донекаде анимирање на целата наша јавност а исто така во негативна конотација поради тие настани сме спомнувани на разните телевизиски~и радио канали по целиот свет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавме сега претседатлеот на Владата и господинот Бошков.

Кој е за предлогот на пратеникот Јордан Бошков дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за активностите на Владата на Република Македонија околу аранжманот за изградба на сместувачки капацитети со финансиска поддршка на Владата на Северна Рајна Вествалија - Германија, молам да крене рака? (36)

Констатирам дека предлогот не е усвоен

Молам, збор бара господинот Неделковски.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Се сомневам во броењето на гласовите, ќе барам поединечно изјаснување околу ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавте предлогот дали има 10 пратеници? (Има)

II/6

Го молам секретарот нека мине на пребројување на поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ, против
2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА, против
3. ЕШРЕФ АЛИУ, против
4. ХАМИД АЛИУ, против
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ, за
6. СТОЈАН АНДОВ, против
7. ТИМЕ АНДОНОВ, воздржан
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ, за
9. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ, за
10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ, за
11. ДРАГИ АРСОВ, за
12. БРАНКО АРСОВСКИ, за
13. ДУШКО АРСОВСКИ, против
14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ, против
15. ЈОРДАН БОШКОВ, за
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ, не е тука
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ, не е тука
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ, за
19. ПЕТАР ГОШЕВ, не е тука
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ, за
21. САНДЕ ДАВЧЕВ, против
22. РАТКА ДИМИТРОВА, за
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ, за
24. ТОДОР ДИМОВ, против

25. ДОСТА ДИМОВСКА, за
26. БОРКО ГОРЧЕСКИ, за
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ, против
28. ПЕТАР ГОРГИЕВ, против
29. ЗУДИ ЕМИНИ, не е тука
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ, не е тука
31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ, не е тука
32. НАСЕР ЗИБЕРИ, против
33. ВАСИЛ ЗИМЈБАКОВ, против
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ, против
35. БОРИС ЗМЕ^ГКОВСКИ, не е тука
36. ИВАН ИВАНРВ, против
37. ЉУБИСАВ ИВАНОВ, не е тука
38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ, не е тука
39. СИМЕОН ИВДНОВСКИ, воздржан
40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ, не е тука
41. РИСТО ЈОВАНОВ, за
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ, за
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ, против
44. ТАШКО КИРОВ, за
45. ЗОРАН КИТЕВ, за
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ, за
47. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ, против
48. ГОРГИ КОТЕВСКИ, за
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ, против
50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ, за
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА, за
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ, за

53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ, за
54. ЕФТИМ МАНЕВ, за
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ, воздржан
56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА, за
57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ, не е тука
58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ, против
58. СТРАШО МИЛКОВСКИ, не е тука
59. ПАНЧО МИНОВ, против
60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ, против
61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ, за
62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ, против
63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ, против
64. АВДИ МУРТЕЗАНИЈ, против
65. НАИФ МУСТАФА, против
66. ПАНЧЕ НАСЕВ, против
67. СЛАВЕ НАУМОВСКИ, не е тука
68. СИМЕОН НАУМОВСКИ, против
69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ, за
70. ЈОВАН НИКОЛОВ, против
71. ДУШАН НИКОЛОВСКИ, против
72. МИХАИЛ ПАНОВСКИ, за
73. ТОДОСИЕ ПАУНОВ, за
74. ТИТО ПЕТКОВСКИ, против
75. ТОДОР ПЕТРОВ, не е тука
76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ, за
77. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ, против
78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ, против
79. КИРО ПОПОВСКИ, против

II/9

80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ, против
81. НИКОЛА ПОПОВСКИ, против
82. ШАБАН ПРЕВАЛА, против
83. БОРКО РАЈЧЕВСКИ, не е тука
84. ИСМЕТ РАМАДАНИ, против
85. ИВАН РАМБАБОВ, против
86. ШУКРИ РАХИМИ, против
87. ФЕРИД САДИКУ, против
88. НЕИМ СЕЛМАНИ, против
89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ, против
90. АЦО СПРИРОВСКИ, не е тука
91. РИСТО СТАМЕНОВ, не е тука
92. РИСТО СТАНКОВСКИ, не е тука
93. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ, за
94. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА, против
95. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ, за
96. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ, не е тука
97. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ, за
98. СТОИЛЕ СТОЈКОВ, за
99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ, не е тука
100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ, против
101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ, за
102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ, за
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ, за
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ, против
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ, за
106. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ, воздржан

II/10

107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ, за
108. АГИМ ФАЗЛИУ, против
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ, за
110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ, не е тука
111. АБДУРАХМАН АЛИТИ, воздржан
112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ, не е тука
113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ, против
114. СТОИМИР ЦВЕТКОВСКИ, против
115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ, против
116. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ, против
117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ, против
118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ, не е тука
119. ХИСНИ ШАКИРИ, против

III/1 сс/вц

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ги соопштам резултатите од поединечното гласање. Вкупно гласале 97 пратеници.

Од тоа за гласале 39, против гласале 52 и 6 се воздржани. Констатирам дека предлогот на господинот Јордан Бошков не е усвоен.

Група пратеници на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе барање дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за настаните во населбата Горче Петров. Барањето е доставено до Владата. Барањето ви е поделено. Кое е мислењето на Владата?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Со оглед на терминот кога барањето дојде до Владата ние на денешната седница што се одржа сабајле го погледавме барањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и го оценивме следното:

Со оглед на фактот дека сега само градежните работи се запрени ситуацијата е смирена тоа веќе почнувајќи од понеделникот сабајле, втора работа со оглед на фактот дека во меѓувреме ние ги повикавме и претставниците на инвеститорот на Владата на Северна Рајна Вествалија да дојдат тие денеска треба да пристигнат тука за да се обават разговори околу натамошните намери и трета работа со оглед на фактот дека во меѓувреме тече уставната процедура^ Уставниот суд го разгледува барањето за проверка на уставноста на својата одлука при што било каква расправа на Собранието без разлика во кој правец ќе оди може да го оневозможи Уставниот суд меродавно да донесе одлука сметаме дека на денешнава седница оваа точка не треба да влезе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стевковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, точно е дека кога се случија настаните во Горче Петров дека поднесовме барање за одржување на итна седница на Собранието. Во тоа меѓувреме претседателот на Собранието закажа редовна седница па да се вклопиме и во тој термин ние, нашето барање го преформулиравме да биде точка на дневен ред за 56-тата седница. Настаните што се случија во Горче Петров во ова време секако дека не служат на чест на Република Македонија ќе се изразам, меѓутоа актерите на тие настани се најверојатно тука меѓу нас. Од тука ако можеше и на СИ-ЕН-ЕН да биде една од ударните вести токму настаните во Горче Петров,. сметам дека овие настани болно одекнаа во целата наша Република и дека има место за расправа токму денеска на оваа седница по ова прашање^Настаните во Горче Петров имаат и своја една друга димензија а тоа е дека треба овој Парламент да биде информиран и за некои други односи кои што не можеа навидум да се видат од она што го даваше телевизијата^ едноставно да ги видиме кои беа учесниците кои што предизвикаа и се доведе до едно конфронтирање,физичко^меѓу полицијата и граѓаните на Горче Петров. )д тука сметам дека ставањето на ова прашање како точка на дневниот ред треба да претставува придонес за смирување на состојбите а никако за разгорување на било какви страсти. Во конотација на ова што го реков со ставањето на дневен ред едновремено сакам да кажам дека ние како пратеничка група веќе и поднесовме интерпелација за одговорноста на министерот Фрчковски и на министерот Пешев како едни директни учесници на настаните што се случија.|во однос на укажувањето на претседателот на Владата дека Уставниот суд расправа и дека треба да се причека мислам дека ова не држи, од проста причина што Уставниот суд не расправа за тепачки и повреди тој расправа за примена на правата. Самиот факт што

Уставниот суд веќе поведува постапка јасно укажува дека постои нечија одговорност односно несоодветно постапување. Поаѓајќи од тие позиции сметам дека нашата пратеничка група и групата пратеници која што го потпиша овој предлог останува да се сврсти во дневен ред на денешната седница. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Голубовски бара збор.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Укажувањето на премиерот не може да биде прифатливо бидејќи би било многу лошо ако се сомневаме во автономијата на една таква институција како што е Уставниот суд. Степенот на изразеното незадоволство на граѓаните во Горче Петров во врска со изградбата на бегалскиот камп со истовремено големата поширока јавна поддршка во Република Македонија кон тој револт^ како и фактот дека е употребена сила и хемиски средства од една страна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие зборувајте само за ова дали да биде на дневен ред или не. Немојте вие во расправа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Видете, јас образложувам зошто хитноста и потребата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, вие не треба да образлагате. Има кој за тоа има службен предлагач.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Добро. Од другата страна самото тоа што Уставниот суд ја стопира изградбата укажува дека Владата ги пречекорила уставните надлежности и законските регулативи како и политичката димензија која што веќе има импликации во политичко безбедносната ситуација во Македонија како и

можноста од таа расправа да се утврди одговорноста за јавно изречените ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

.... изречените политички изјави на одделни министри кои што наместо ресорни изјави даваат политички оценки со што се девалвира ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали сте вие....

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

....се девалвира позицијата на Македонија и со што е навредено чувството на македонскиот народ се доволни причини да овој Парламент одлучи да се дополни денешната седница со точката Информација за настаните во Горче Петров. Се другото би била обична хипокризија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само да се разбереме, чекајте малку, само да се разбереме.

Овде имам точен број кој потпишал, чие е и кој е предлагач и нека тие, предлагачите образлагаат. Нека не се јавуваат сите да образложуваат.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ако е тоа деловнички проблем, тогаш сметајте го ова како одвоен предлог, исто така, од мене како пратеник на ВМРО-ДП.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие знаете како се добиваат предлозите и како се даваат.

Господин Котевски бара збор.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, многу уважуван и почистуван претседателе!

Сакам да истакнам во духот на она што го кажа нашиот координатор Томислав Стевковски дека оваа точка на дневен ред треба да се стави од причина што ние во минатите периоди и минатите настани што се случија во Куклеш и на други места, да не ни се повтори истата состојба да формираме било какви групи или комисии кои ќе чекаме една година да ни достават извештај, врз основа на тој извештај ние да донесеме некои паушални оценки, невредни, невалидни. Затоа, во овој момент е најнеопходно, најпотребно оваа точка да се стави на дневен ред. Свежи се настаните, свежи се актерите, се е тука и можеме компетентно да разговараме и изнесеме нашите ставови и мислења во поглед на настаните во Горче Петров.

Затоа посебно инсистирам, почитувани пратеници, да не бараме повторни виновници во некакви анкетни комисии, било какви други комисии какви што ги формиравме и во минатото,кога не сакавме нешто да се заврши формиравме такви комисии, да бидеме разумни оваа точка да се стави на дневен ред и да се разјаснат сите дилеми околу настаните во Горче Петров.

Затоа посебно апелирам до сите вас да гласате за уврстуваше на оваа точка во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Зибери бара деловничка интервенција.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ако сакаме да имаме навистина плодотворна расправа околу ова прашаше, тогаш мислам дека држи објаснувањето на претседателот на Владата дека, штом работите таму престанале со изградба на објектот,

III/6

отворена е постапка за оценување на уставноста и законитоста на донесената одлука на Владата за изградба на кампот, и, кога ќе се расчистат сите работи, тогаш може да имаме чисти ставови и по истите да расправаме.

Што се однесува до тоа дека реаторите на ваквите настани седат тука меѓу нас, тоа е точно и истите јас ги видов преку екранот како продефилираа меѓу граѓаните....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не, немојте, во тоа не навлегувајте.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

.... граѓаните манипулирајќи ги истите. Затоа тоа е точно..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа не е деловнички за интервенција. Само деловничка интервенција. Само деловничка интервенција, нели.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (од место)

Губи се.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ти можеш да ќутиш и немој

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте такви дуели, ве молам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

....и немој да ми упаѓаш. Ти не си никој и не можеш да ме ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 15 минути, пауза од 15 минути!!

Па, не може така, ве молам!

IV/1 НН/ПН

(Седницата продолжи со работа во 14,30 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Г-динот Анастасовски сака да интервенира деловнички. Тој не е меѓу предлагачите.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Неколку пати како човек дигав рака, меѓутоа кој те гледа. си бил во затвор пак ќе лежиш, ќе те тепаат, пак ќе те тепаат итн. Знаете ли зошто го викам тоа. Затоа што гледам и барам оваа точка да влезе на дневен ред од следните причини....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте вие сега причините. Ги кажа г-динот Стефковски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Немој така г-дин претседателе да се однесуваш.

**СТОЈАН/ АНДОВ:**

Да се разбереме да работиме ве молам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Да се разбереме да работиме, меѓутоа....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Анастасовски....

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Меѓутоа, не сакам да ве вреѓам, и немам таква намера да ве вреѓам. Сакам да ве потсетам на едни работи од кои требаше ние до

сега да ја направиме таа држава, а понатаму може да разбере самиот..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете г-дине Анастасовски....

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

1941, 1951, 1953, 1955...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте сега....

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

1956, точки по точки никој закон во рацете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде сега кажете што мислите, што е процедуралната интервенција.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Токму тоа сакав да го кажам, ми го зедовте зборот од
устата.

Сакам да влезе оваа точка на дневен ред бидејќи и јас сум еден од тие што преговарав лично со г-динот Претседател Киро Глигоров, во моментот не е тука. Гледам дека полека, полека Уставот и законите кои досега ги донесовме, кои досега ги донесовме се газат од некои луѓе од Владата. Изгледа на тие човечиња им стана навика.... (реагирање од место н некои пратеници) Да, на тие човечиња им стана навика

Ве молам, па немојте така сега....

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Им стана навика да тепаат луѓе. Го нема министерот за внатрешни работи тука и тие изјави што ги даде да си ги повлече.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте г-дине Анастасовски, треба да се изразуваме....

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Законите и Уставот не се почитуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа ќе го кажете кога ќе имаме точка на дневен ред по која мислите дека тоа не се почитува.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И затоа сметам дека сите вие, зашто и вие утре можете да бидете предмет н пендрекот да помине оваа точка и да дискутираме прво по таа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ако може сега, сакам да ви кажам....

(г-динот Митко Анастасовски ја напушта говорницата и покрај молбата од претседателот.

Митко Анастасовски одејќи кон пратеничките клупи вели: Ако ме молиш мене јас ќе ти кажам)

Не вас, ги молам пратениците. Има институција предлагач. Тие овластени

(вие сакате да се избегне оваа точка. Тепаниот да биде тепан....)

Не викајте од таму. Вие имавте збор, кажавте.

(Имам право да викам затоа што јас кога пиштев во затворот....) Ама не сте сега таму, ајде оставете ја таа работа. Ве молам, дајте сега да работиме.

Овде има право да образложува предлог оној кој го дал. не треба поткрепа. Другите со гласање ќе си поткрепат, или ќе бидат против или не треба да биде против. Оној кој дал предлог и мислење нас Владата, или некоја друга процедурална интервенција. Инаку, нема крај, да се разбереме. Ако по предлогот на еден пратеник сите се изредат што мислат тука, пред да биде тоа на дневен ред, тоа не вреди, не се работи така и не е во согласност со Деловникот.

(Г-динот Михаил Пановски од место реагира дека има право по Деловникот).

Не.

Г-динот Неделковски бараше збор. Да, ама тој е потпишан, тој има прво, ве молам, не можеме да запреме со тоа.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, претседателот на Владата Бранко Црвенковски пред малку излезе и пред оваа говорница кажа да не расправаме за информацијата околу настаните во Горче Петров затоа што Уставниот суд имал влијание од нашите дискусии. Значи, Уставниот суд може би и однапред е припремен за да донесе ваква или онаква одлука, а се знае од кого е. Јас можам да им објавам од ова место и оваа говорница од настаните на кој што бев присутен, бидејќи и тука живеам во непосредна близина на самиот настан на светската јавност дека во Македонија во моментот владее диктатура. Да се фрла солзавци по куќи, по станови на луѓе каде што живеат, да се тепаат во кревет луѓе, да се земаат луѓе од сопствениците продавници, да се приведуваат во

полиција, а при тоа без да им се образложи по кој закон и причините зошто се приведени. Луѓето таму се 4 дена малтретирани од страна на полицијата. Тоа е недозволиво и ќе барам точката на дневен ред да се стави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

Има збор Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас не сакав да коментирам, ако се стави на дневен ред тогаш ќе дискутираме. Јас предлагам да биде на дневен ред точката од овие соображенија.

Зошто избегнуваме да ги решаваме проблемите тогаш кога на станале, а чекаме да се решаваат по 8 месеци. Тоа е едно.

Јавноста, цела македонска јавност, јас зборувам и за од градот Битола сакаат да се расчисти овој расплет и да не оставаме вакви инциденти да настануваат понатаму. А, што не се подготвени некои да дадат извештај, тоа е неоправдано заради тоа што домаќинот добар орач не чека нивата кога ќе стане кал да ја ора, туку ќе си ја изора на време. Така и овие знаеја дека ова прашање ќе биде покренато, одговорните што требаше да поднесат извештај, а и пред тоа имаше поднесено за вонредна седница и требаше да си спремаат информација и да чекаат ако дојде, се оди на лов со полна пушка. Ти излезе зајакот, не тогаш да ја полниш пушката. Затоа сметам дека неоправдано е да се одлага заради неспремност на извештај, затоа што имаше време од

саботата до сега да напишат цела историја, а не само случајот да го испитаат. Затоа предлагам да расправаме, зошто го губиме времето вака, а истото за ова време можеби ќе завршеше со дискусијата и ќе видиме кој е крив, кој е прав. Можеби и вистина публиката беше. Затоа бараме да се расчисти прашањето.

Барам да биде поставена точката на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, г-динто Халили бара деловничка интервенција.

**МИХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Сакав да ве потсетам дека сме предлагачи на иста таква иницијатива од пред 5 месеци, исто така требаше вие да ја поддржите, меѓутоа, кога пендреците се на туѓ грб тие се малку и стотина. Од принципиелна гледна точка јас со ова што вие го велите го прифаќам, меѓутоа, ако Владата прифаќа, или ќе прифати да расправаме за еден таков настан тогаш мислам дека бездруго треба да прифати пред тоа ние да расправаме за настаните на Бит Пазар - Скопје, бидејќи такви иницијативи сме имале од пред 5 месеци. И ние тогаш баравме вонредна седница. Или, ништо друго, сакаме ист третман иницијативата да има.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно е дека има еден таков предлог. Г-динот Црвенковски сега ова е една нова ситуација.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Обично најинтересните работи на седниците се случуваат кога се утврдува дневниот ред и очигледно ни денешната седница нема да биде

исклучок. Со цел да се смират духовите и на едната и на другата страна, да избегнеме нервозни дискусии итн. Владата прифаќа и едната иницијатива да се расправа како посебна точка за настаните на Бит Пазар, да даде своја информација, вие ќе расправате и оценувате. Прифаќа да даде информација и за настаните во населбата Горче Петров и сето она што се случуваше околу таа работа.

И преска кога говорев, кажав кој се причините, затоа што мислам на денешната седница не треба да се расправа, бидејќи се води една уставна процедура во Уставниот суд. Дури има држави доколку се води судска постапка за една работа таа не може да биде предмет на политичко тело, законодавно тело или извршна власт. И со оглед на она што дополнително го кажа дека токму денеска или во наредните денови тука престојуваат претставници на инвеститорот на објектот што се однесува за Горче Петров, при што треба да се обават разговори и да се види за понатамошното делување.

Така да, еве за да биде рамноправен третман да бидеме принципиелни до крај, се согласувам од страна на Владата да биде расправано за двете точки.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Мислам дека Владата не може двете барања да ги посоветува. Битпазарскиот настан е настан на шверцери и криминалци, додека Горче Петров е настан за барање на правна држава и применување на законите до страна на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте тоа, немојте тоа.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Горче Петров е настан за барање на правна држава и применување на законите од страна на Владата. Тоа се две различни работи. Ние во населбата Горче Петров бараме информација за тепањето ан полицијата надвор од времето кога објектите се граделе и кога работниците ги изведувале градежните објекти. Тоа се две различни работи, не можат да се посоветуваат. Или тука се сакаше да се каже дека овие две партии во Македонија се рогови во вреќа, а само ние сме цвеќето кое што создаваме оаза на мирот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само деловничка интервенција ако има некој. Г-дин Халили.

**МИХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитуван господин пратеник....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте да се обраќате на поединец, не деловничка интервенција.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

По ова, јас сум цврсто убеден дека тие луѓе таму не ги посоветувам со сите скопјанци затоа што ако некој во оваа Земјина топка нема право, немаа право такви настани да организира тоа би требало да бидат скопјанците затоа што цел свет....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Суштина е тоа и ќе расправаме кој организирал

IV/9

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас таа група не ја идентификувам со другите скопјанци, затоа што....

(реагирање на пратениците од место)

Цел свет со скопјанците се солидаризираше за време на земјотресот. Никакво право немате вие на тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да ви кажам. Не станува збор дали некој со нешто идентифицира, подразбира. За тоа ќе се добијат информации и расправата ќе покаже. Не можеме однапред да се оградуваме од ова или од она. Има предлози кои претседателот на Владата ги прифаќа. Затоа предлагам да престанеме да расправаме за тоа и да одиме на изјаснување.

Г-динот Положани бара деловничка интервенција.

**МЕРСИМ ПЛОЖАНИ:**

По предлозите да се произнесам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема што по предлозите, не си предлагач. Не можете по предлозите, ве молам г-дине Положани. Само деловничка интервенција ништо друго.

**МЕРСИМ ПОЛЖАНИ:**

Во принцип не сум против да се расправа за вакви работи особено кога има масовни протести, па и употреба на сила. Но, овде мора да се запази некој ред и редослед, било временски, било по тежина. Случајот со Радолишта е уште на 16 јуни. Веднаш се бараше информација и се

донесе заклучок на наредната седница. Исто многу подрастичен беше случајот со Скопје. Не може да се нарече шверцерски случај еден случај каде има 4 жртви. И ние како Парламент не треба да избегнуваме да ја погледаме вистината во очи и да расправаме за тоа и да го најдеме виновникот ако го има. Затоа во смисла на предлогот на претседателот на Владата и во смисла на она што го најавува претседателот на Собранието за наредната седница да се изготви информација и за случајот со Р долишта, затоа што во 2 наврати бараме информација и расправа околу тој случај , па случајсјт беше и по трет пат поставен и писмено и сеуште се избегнува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, г-дин Положани.

**МЕРСИМ ПЛОЖАНИ:**

Молам да се расправа по сите случаи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувме тоа. Според тоа, ние овде имаме предлози што да се расправа на оваа седница и нешто што треба да се расправа на една од наредните седници или прва наредна. Тоа ќе го оставиме. Само ова што го предлага г-дин Црвенковски за оваа седница.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Се јавувам повторно бидејќи гледам повторно кренати раце.

Моето излегување и прифаќање на двете точки беше во прилог да се смират духовите и да почне да функционира седницата, на Собранието. Ако мојот предлог не придонесе во тој правец да се смират

духовите, туку сега повторно се разви расправа итн. јас ќе го повлечам предлогот од име на Владата.

Мојата сугестија е, еве има инсистирање за една работа, јас ниту ги поистоветувам, ниту знам како Собранието по едната или по другата точки ќе заврши. Имаме една иницијатива, имаме друга иницијатива, и двете Владата прифаќа да бидат внесени во дневниот ред како посебни точки. И за двете ќе поднесеме информации и ќе се расправа. Затоа го молам Собранието ова да биде предлог веднаш да се помине на гласање и да се работи.

(пратениците од ПДП-НДП од место бараат и третата информација да се внесе)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, третата информација не е за оваа седница. Не бива, уште бараат збор. Прво, г-динот Пановски побара збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, не би сакал да навлегувам во предлогот на претседателот на Владата бидејќи има конкретен предлог до 10-тина пратеници за точка на дневен ред.

Во врска со тој предлог, јас во текот на вчерашниот ден бев посетен како пратеник од група на граѓани, жители на Горче Петров кој што ме замолија, бидејќи сметаат граѓаните од Ѓорче Петров дека македонската јавност не беше објективно информирана од македонските медиуми, пред се од Телевизијата, ми дадоа касета.

(ја вади касетата од џеб и ја покажува на пратениците) на која што касета може хронолошки да се видат настаните од друг агол. Поинаков агол од кој што беше информирана македонската јавност.

Ова е една моја замолница до вас, да биде оваа точка ставена на дневен ред, а доколку биде ставен, во интерес на вистината и на демократијата во Македонија би предложил сите снимени материјали што постојат во македонската телевизија од инцидентот во Горче Петров да ни бидат како на пратеници дадени на увид со цел да знаеме и да дознаеме за вистината што се случуваше и настантие што беа таму тие денови.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, бидејќи сум еден од потписниците на предлогот сметам дека имам право да кажам некој збор за ова, инаку не би зборувала како последна, ама сум предизвикана од начинот на кој што претседателот на Владата ни ги образложува овде работите.

Мора да се знаат работите дека власта, Владата е избрана од ова Собрание и по дефиниција, по демократска дефиниција е слуга на народот. И ако се случуваат вакви работи власта е задолжена или да интервенира што побргу да се смират состојбите, да објасни веднаш, да влезе во контакт со народот и се што треба да направи брзо да заврши, а ние знаеме дека 5 дена нашиот народ беше тепан и особено не може да управува со тоа дали на Собранието ќе биде таква точка или нема^ да биде таква точка. Она може да има свое мислење, ама не може да управува со Собранието.

Јас би сакала многу накратко д образложам за итноста на оваа точка. Сметам дека за ова мора да се расправа. Зошто? Зошто во сериозна опасност е демократијата во нашата држава. Ѓорче

Петров станува правило во нашава држава. Не заборавајте, бевме избрани на првите демократски избори да ја заштитиме демократијата а демократија е власт на народот.

jp .

**РАТКА ДИМИТРОВА**: (продолжение)

Ние сме сведоци дека е создаден ланец од случаи, Радовиш, Бит пазар, Куклиш, а времето што се избира за тие случаи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само за итноста.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас ја образложувам итноста и имам право на тоа. Со сурова репресија укажуваат дека овие случаи се вештачки предизвикувани од истата таа власт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сами давате информација.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Тврдам дека меѓуетнички и особено меѓу конпентенционални тензии во Македонија не би имало. Тие се очигледно потребни на таа власт нешто да некому да покаже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа ќе кажете кога ќе биде ставено на дневен ред.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Немојте да ме злоставувате и нашето право да ни го одземате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашето право си го имате, а вие немојте да ја злоупотребувате говорницата.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

На пратениците од ПДП и НДП им советувам да гласаат за ова, бидејќи следниот случај не е исклучено да бидете вие пак. Оваа власт ги предизвикува најчесто симулирајќи нереални апетити во вас од нашата страна. А тоа лошо ќе заврши и за вас и за нас.

Во име на заштита на демократијата предлагам почитувани пратеници да се изјасните за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Станковски деловнички има да се изјасни. Само ве молам не навлегувајте во нешто што треба да биде или не треба да биде обработено во информација.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Имам само едно кратко деловничко прашање до предлагачот. Понудија предлог за дневниот ред. Владата ја прифати и што е сега целта на предлагачот. Ве молам јасно ако сака предлагачот да каже која му е целта. Дали точката да биде на дневен ред, дали да се расправаме тука, или да се уништи седницата. Јавно нека го каже тоа, па да знаеме за што да гласаме. Инаку бев со став да гласам за ова, меѓутоа очигледно дека предлагачот има некои други намери со ова и затоа нема да гласам.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Барам од претседателот на Собранието да врши напори да ни се обезбеди крајно демократска и квалитетна расправа. Тоа што го барам нема никакви претпоставки дека можат да бидат обезбедени и затоа сакам да ви свртам внимание дека пред се, треба и процедурално седницата да се спрема онака како што ни доликува. Никаков званичен материјал било каква верзија кратка или долга, јасна или нејасна, вистинска или измислена, ние не поседуваме, а отвораме расправа. Незнам која ни е целта и затоа јас само лично во мое име тоа право, на напорите што ги вршиме на оваа кревка демократија да пушти здрави корени на ова наше поднебје да ни се обезбеди овој минимум. Дури тогаш прифаќам да расправам. Инаку, како што сакате одлучете, во случај денеска да се

расправа, сакам да ми се дозволи да не бидам присутен на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, расправа ќе почнеме кога ќе имаме информација. Тоа и предлагачот го предлага. Сега станува збор за утврдување на дневен ред и дали оваа точка ќе влезе во дневен ред. Бидејќи претседателот на Владата прифати, јас сега ќе ја дадам на изјаснување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас имам право да кажам поради кои причини деловнички ќе гласам против овој предлог. Неколку пати говорам овдека пред Собранието да ги поделиме надлежностите меѓу Собранието и Владата. Собранието како законодавно тело, а Владата како извршен орган. Ова не спаѓа во доменот на надлежноста на Собранието. Ние можеме да бараме информација, но ве молам ова Собрание го претвораме по 5-6 дена како дебатен клуб. Расправаме за прашања кои не се во наша надлежност. Во наша надлежност е ако сметаме дека Владата пречекорила во овластувањето. Да побараме интерпелација за министер, да побараме да се гласа за доверба на Владата, а не 5-6 дена ние да расправаме како без возен ред овдека и да видиме после што ќе излезе од таа работа. Напишавме во Деловникот, стар е навистина, меѓутоа, напишавме како ќе се однесуваме. Во него стои дека може да бара Собранието од Владата информации и откако ќе добие таква информација, по функциите кои ги имаше Извршниот совет, порано можеше да му бара додатни информации , да му наложи во кој рок може нешто да направи и може да бара одговорност од Извршниот совет односно Владата. Ние овдека можеби ќе расправаме ден два, три и на крајот што ќе заклучиме? Ќе заклучиме ништо, како што впрочем заклучивме и на последната седница, моравме да мудруваме што ќе извлечеме, од едноставна причина затоа што тоа не е наша надлежност. Јас ја разбирам опозицијата таа бара секоја прилика, секоја грешка на

V/4

опозицијата, секој пропуст да го напаѓа. Тоа е сосема природно. Нема ништо поприродно од таа работа. Ве молам да се движиме во рамките на надлежноста на Собранието по Уставот и она што сме го пишале во Деловникот како формална обврска на Собранието како ќе работи.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Господинот Тито Петковски кажа дека на последната седница сме заклучиле ништо и дека се мешаме во ингеренциите на Владата. Јас ве молам бидејќи заклучоците на последната седница и надлежностите на последната седница што ги дискутиравме се многу сериозни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Последната седница мина не е сега.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Баш дека мина господинот Петковски вели дека се мешаме во ингеренциите на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За денешната седница ние да се договориме.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Господинот Петковски кажа дека на последната седница сме се мешале и сме донеле заклучоци по надлежности кои што се на Владата. Името на Република Македонија не е надлежност на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минатата седница ја завршивме ние не можеме да ја обновиме сега.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**

Почитувани пратеници јас мислам предлагачот е сосема јасен: бара информација од Владата за настаните што се случија во Ѓорче

Петров. Што значи дека бараме под итно Владата да изготви информација за настаните. Ние, односно предлагачот бара на оваа седница да се уврсти таа точка на дневен ред. Не бара да биде прва втора итн., туку во текот на седницата сигурно Владата ќе смогне сили да изготви една информација. Јас само сака да го цитирам членот 68, еден став во кој се вели: "Собранието врши политичка контрола и надзор на Владата и на други носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието, односно пред ова Собрание кое ги избрало на тие функции". Што значи од информацијата што ќе дојде на Владата пратениците ќе расправат и секој како пратеник има право да оцени од расправата што ќе произлезе од информацијата дали носителите на тие јавни функции ги пречекориле своите овластувања, или не. Како пратеници тоа право го имаме и во тоа се состои надлежноста на ова Собрание да врши политички надзор на Владата и контрола над нејзиното работење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сигурно еден ден ќе расправаме за тоа кои се инструментите на политичкиот надзор. Тука имаме согласност и на претседателот на Владата, зошто сега понатаму.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Мислам дека во принцип се залагам за еднаш на таа полиција да и се стави крај. Не мислам во овој случај дека полицијата сноси некоја одговорност, односно вина. Меѓутоа, не се принципиелни во другите прилики и случаеви, па затоа мислам од оваа седница излегува вака дали треба или не треба. Исто така мислам дека претседателот на Владата даде предлог да се стават на дневен ред такви информации, меѓутоа не се согласувам тие информации да бидат ставени истовремено на дневен ред. Прво да се расправа за информацијата за

Бит пазар, а потоа после пет шест месеци да се чека да се расправа за настаните во Горче Петров. Исто така пратеникот што таму биле и шверцери во принцип таму загинаа луѓе кои што не беа шверцери, ниту беа виновни. Меѓутоа дали случајно или неслучајно се поклапа оската Берлин - Виена - Скопје дека се развива фашизам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да расправаме сега каде што било. За тоа треба информација, па треба после информација, тоа што ќе дојде на дневен ред.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, ве молам да го ставите најпрво предлогот на гласање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за точка на дневен ред информација за настаните во населбата Горче Петров. Така е и формулиран предлогот. Не можат двата предлога да одат во една точка. Така и прифати премиерот, затоа ќе ве молам ставете ги одделно двете точки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Фактички и од премиерот е замислено да бидат две различни точки. И така се два различни предлога. Значи не да гласаме заедно за тие две точки, туку една по една. Прво гласаме за предлогот на ВМРО-ДПМНЕ , кој е за молам да крене рака?

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Вие сте добиле два пати предлог од нашата пратеничка група. Еднаш да се стави на дневен ред за свикување на вонредна седница, а втор пат за дополнување на дневен ред. Плус тоа имавме заклучок на Собранието на РМ дека на 54-та седница ќе биде на дневен ред. Педесет и четврта седница помина ништо не биде. Според ова ние

имаме предност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сосема е во право господинот Халили, меѓутоа, и јас сум во право. За оваа седница утврдуваме дневен ред и за оваа седница како предлозите стигнувале, така ги изнесувам.

Кој е за предлогот на ВМРО-ДПМНЕ молам да крене рака? (49 пратеника)

Дали е некој против? (22 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (14 пратеника)

Според тоа констатирам дека овој предлог е прифатен.

Кој е за предлогот на господинот Халили молам да крене рака? (Информација за настаните на Бит пазар од 6 ноември.

Кој е за молам да крене рака? 49 пратеника)

Кој е против? (22 пратеника)

Кој се воздржува од гласање? (14 пратеника) Констатирам дека овој предлог е усвоен.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Мојата деловничка интервенција беше поинаква природа. Навистина незнам на што се должи ставањето на повторно гласање на едно прашање за кое има заклучок на собранието - да се расправа за настаните на Бит Пазар, има заклучок на Собранието, господо.

**ГЛАСОВИ ОД МЕСТО:**

На која седница.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Чекајте господа, кој го предложи сега ова? Ве молам Халили го прифати предлогот на претседателот на Владата колку јас сфатив. Сега ова маневрирање, незнам на што се должи, навистина не сум толку бистар да ги сфатам работите, малку со задоцнување ги сфаќам меѓутоа сакам да ми се објасни за што ќе расправаме ние денеска

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви се објасни. Прво, има заклучок, но со заклучок на некоја претходна седница не се утврдува дневен ред на оваа седница. Има заклучок да се расправа на следната седница итн. Меѓутоа, за секоја седница се утврдува дневен ред. И сега утврдуваме дневен ред. Тоа е прво.

Второ, точно е тоа дека господинот Халили го усвои предлогот на претседателот на Владата. Но, точно е и тоа дека претседателот на Владата прво го усвои претходниот предлог на господинот Халили како и предлогот на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ. Така да кога господинот Халили го усвои тој предлог, се сложи со тоа што господинот, претседател на Владата ги соедини тие предлози. Бидејќи претседателот на Владата, начинот како излагаше, ми даде на знаење

дека тој замислува дека може и заедно во двете точки да се утврди да гласаме, а имаше овде инсистираше, за секоја точка поединечно да се гласа. Бидејќи пак овластените предлагачи што ги дале тие предлог така и постапивме и имаме и резултат од тоа. Ве молам, одиме понатаму Пратеникот Иван Иванов поднесе иницијатива.

ОД МЕСТО **ПОЛОЖАНИ**:

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па господин Положани и Вам ви одговорив. Молам, завршено е. За тоа и сами рековте дека има заклучок, вие сами рековте на на- редната седница за Радолишта да се подготви. Така денеска постапуваме Не го утврдуваме дневниот ред за наредната седница.

**ГЛАС ОД МЕСТО:**

Сега се се измени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ништо не се измени. Се измени она што се предлагаше денеска, на оваа седница, и тоа е усвоено.

Молам, сега да одиме понатаму. Госпоѓа Лазаревска сака процедурално.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА**

Многу ми е жал што претседателот на Владата не ги прифаќа предлозите кога се на време дадени. Да се прифатеше од Владата предлогот за Радолишта, за Битпазар и за Ѓорче Петров на време, воопшто немаше да изгубиме 3 саати. Дури сметам дека овие два предлога се паралелно дадени за двете информации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тоа нема процедурален карактер. Вашата интервенција нема процедурален карактер, Вашите чувства спрема Владата се друга работа. Овде процедурата е завршена по ова.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ.**

Дека тоа не е така како што е кажано, можеме да видиме дека од моментот кога јас ги прифатив двете точки, верувам дека саат и нешто се расправа. А логиката беше веднаш во истиот момент да прекине расправата, заради тоа и излегов да кажам. Од тој момент натаму се расправаше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега за тоа да не расправаме. Тој дел го завршивме. Господинот Положани смета дека неговиот предлог не е разјаснет.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Јас се сложив со претседателот на Владата да одат на идната или на првата наредна седница овие две информации. Меѓутоа, сега состојбата се промени. Се прифати двете информации да одат на оваа седница. Зашто сега да се исклучи Радолиште. Така предлагам на оваа седница да се расправа и случајот на Радолиште, што е многу логично и рационално. Молам, претседателот да го прифати овој предлог да оди ме вака, да одиме со трите информации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, очигледно било недоразбирање. Претседателот на Владата не рече на една од наредните седници, туку на оваа седница, а господинот Положани предложи за Радолишта на наредна седница.

Расправата ја затворивме по тоа прашање. Сега одиме понатаму бидејќи за тоа прашање гласавме. Вие дополнително предлагаат за ова, до душа имате право, дневниот ред уште е во тек. Дајте сега да одиме, а вие можете после кога ќе прашам дали има уште предлози. Ќе се изјасните тогаш кога ќе се јавите овде од говорница. Меѓутоа уште не сме на тоа прашање.

VI/4

Пратеникот Иван Иванов предложи иницијатива, Владата на Република Македонија да изготви информација за состојбите и проблемите во функционирањето на царинската служба на РМ и истата да биде ставена на дневен ред на седница на Собранието.

Владата на Република Македонија ја достави и бараната информација, со заклучок истата да послужи како одговор на пратеничко прашање. Комисијата за стопанство на седницата од 24.11. 1992 година ја разгледа и заклучи Собранието да го дополни дневниот ред на денешната на денешната седница со информацијата за состојбите, проблемите и функционирањето на царинската служба во РМ.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

51 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (нема):

Дали некој се воздржува? (16 пратеници).

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно - правната комисија на Собранието на РМ предлагаат да се одложи расправата по Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за продажба на становите во општествена сопственост со Предлог на Законот од причини што е во тек донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Македонија за оценување на Уставноста на дел од одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост, како и поради тоа што Владата на Република Македонија сеуште нема доставено мислење по овој закон.

Во меѓувреме Владата достави мислење по Законот и предлага овој закон да не се разгледува, бидејќи во основа не содржи решенија кои значат подобрување на последниот закон и подзаконската регулатив

По Предлогот на Комисијата уште не се произнеле предлагачите. Предлагачите се овде, овластени предлагачи, тука има тројца потписни и тоа како граѓани, еден од нив во овој случај е господинот Личоски оти тој не поднесе проект како пратеник туку како граѓанин и се придружени и таму има уште двајца и тие ќе кажат.

Има збор пратеникот Личоски но сега како граѓанин.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници бидејќи иницијативата е на 20.000 граѓани, да се донесе закон по итна постапка и тоа закон за продажба на становите, сметам дека, бидејќи и јас сум потписник со тие 20.000 граѓани, сметам дека овој закон треба да се донесе по итна постапка односно да го разгледа ова Собрание, бидејќи тие 20.00 0 потписници не можат да дојдат овде и да гласаат дали треба да се донесе законот или не.

Причината за донесување на ваква една одлука на тие 20.000 потписници, јас сакам во глобала да ја образложам, како би можело Собранието да заземе еден таков став, овој закон исклучиво да се разгледува на оваа седница, односно да се изјасни и Владата по овој предлог.

Прво и основно, што сакам да го кажам е дека Комисијата што заседавала, мислам на надлежната комисија, не беше изјаснет Уставниот суд. Уставниот суд се изјасни вчера. Комисијата заседаваше колку што знам вчера и тоа претпладне, што значи дека Комисијата овдека се оградува дали треба да се донесе тој закон или не треба да се донесе, односно да се расправа или не бидејќи уште нема одговор од Уставниот суд.

Владата денеска ни има доставено мислење дека не треба да се расправа бидејќи во тој закон кој што е предложен, сите овие работи што се земени од страна на стариот закон односно законот пречистен текст од 17.11.1993 година. Уставниот суд се изјасни така како што се изјасни. Јас сметам дека барањето на овие 20.000 потписници не се однесува исклучиво на работа што е дадена во тој дел, туку на тие 20.00 0 потписници е тоа што тие не се задоволни во однос на некои работи кои што се земени во Законот.

Прво и основно, во стариот закон, јас од оваа говорница исто така зборував за тој закон за тоа каква неправда е направена во однос на тие 48.000 станари кои не ги имаат купено становите, додека оние 12.000 и 500 и незнам колку од кои беа купени становите во времето кога имаше најголема инфлација во нашата Република. Значи во време кога практички...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа е за материјалот.

Немојте за материјалната страна.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Сакам да кажам зошто овие 20.000, не 20.000 туку се повеќе потписи, зошто исклучиво беа да се разгледува овој закон. Тоа значи дека во тој случај не се изврши на тие 48.000 корисници на станови, не добија соодветно право како што добија оние 12.000 корисници. Според тоа сакам едно мало појаснување овде да дадам за тоа за што е незадоволството на граѓаните и зашто е предложен овој закон. Во октомври 1991 година ако еден стан од 70м2 чинел 969.000 динари тогашни, бидејќи тие беа во промет,тогаш марката беше 13 динари.,..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе расправаме за тоа кога ќе дојде законот.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Ви се молам уште два да го објаснам. Тоа значи дека 74.000 динари чинеше тогашниот стан. А во март месец 1992 година тој стан чини 8.884 марки. Според тоа сметам дека овој закон Собранието ќе го прифати и ќе го разгледува и Владата ќе разговара и ќе видиме кои се недостатоците во тој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави во име на предлагачите на 20.000 граѓани и нивниот претставник Коста Антовски.

**КОСТА АНТОВСК :**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што дневниот ред е обемен и работните тела на Собранието не го разработија овој закон, поради немање мислење на Владата и тогаш не беше донесена одлуката на Уставниот суд, а со цел овој закон да го разгледаат овие работни тела, предлагаме согласно член 316 од Деловникот на Собранието, овој закон Собранието да го разгледана првата наредна седница како предлог за донесување со предлог на закон.

Мислењето на Владата да не се разгледува доставениот предлог на Владата, бидејќи зад овој закон стојат 20.000 потписници е неприфатливо и противуставно и се крши со член 61 од Уставот на Република Македонија, а јас ќе ви го прочитам."Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на РМ, Владата на РМ и најмалку 10.000 потписи", потписи не се 10.000 туку над 20.000 и овој предлог мора да се разгледува.

Ве молам, ние денеска на оваа седница не можеме да го ставиме во дневниот ред после оваа изјава на претставникот на предлагачот. Расправата престанува по тоа, а за идната седница ќе предложам и ќе оди по постапка.

Ве известувам дека предлагачот го повлече предлогот за донесување на закон за плаќање на доплатна поштенска марка - Република Македонија - Олимписки игри Атланта, 96 - Предлог на закон

Владата на Република Македонија го повлекува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за доставување печатени работи на определени установи со предлог на закон.

Владата на Република Македонија достави допис, со кој што ги повлекува: Предлогот за донесување закон за изменување на законот за продолжување на законот за важноста на законот за утврдување на стопански недоволно развиени краишта за периодот од 1986 до 1990 година, со Предлог на закон и предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за учеството на Републиката во обезбедувањето на средствата во Репличкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во 1992 година, со предлог на закон.

Истовремено Владата на Република Македонија го достави Предлогот за донесување на закон за учество на Републиката за обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, со Предлог на закон и предлогот за донесување на закон за утврдување на стопански недоволно развиените краишта, со предлог на закон и предлага овие закони да се разгледаат наместо повлечените закони.

- Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

Дневен ред:

1. Оставка на членот на Владата и министер за односи со странство д-р Денко Малески;

2. Барања на општинскиот суд Радовиш за давање одобрение за водење кривична постапка против судиите Димитар Стевчев и Добрин Казанџиев;

3. Предлог за донесување на закон за народниот правобранител,

4. Предлог за донесување на закон за заштита на семејството чиј хранител е војник на извршување на воениот рок;

5. Предлог за донесување на закон за правата на воените инвалиди, на лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци,

6. Предлог за донесување на закон за матичната евиденција,

7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за издавачката дејност, со Предлог на закон,

8. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за сценско - уметничката дејност, со Предлог на закон,

9. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за спомениците на културата со Предлог на закон,

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за музејската дејност, со Предлог на закон,

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за библиотечната дејност, со Предлог на закон,

12. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за споменици и спомен - обележја, со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за филмската дејност, со Предлог на закон,

14. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на граѓаните на СФРЈ на привремена работа во странство, со Предлог на закон,

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за работните односи, со Предлог на закон,

16. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот, со Предлог на закон,

17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основните права од работниот однос, со Предлог на закон,

18. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработувањето, со Предлог на закон,

19. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за општествена заштита на децата, со Предлог на закон,

20. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон,

21. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за матичната евиденција за осигурениците и уживателите на права од пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон,

22. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за условите за засновање работен однос со странски државјани, со Предлог на закон,

23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за управната инспекција, со Предлог на закон,

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, со Предлог на закон,

25. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас, со Предлог на закон,

26. Предлог за донесување на закон за из- менување на Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон,

27. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон, Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, со Предлог на закон,

29. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од експлозивни материи, со Предлог на закон,

30. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од пожари, со Предлог на закон,

31. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прометот на експлозивни материи, со Предлог на закон,

32. Предлог за донесуваше на закон за изменување на Законот за превоз на опасни материи, со Предлог на закон,

33. Предлог за донесуваше на закон за изменување и дополнување на Законот за општествена контрола на цените, со Предлог на закон,

34. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителство и туристичка дејност, со Предлог на закон,

35. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за мерните единици и мерилата, со Предлог на закон,

36. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за самостојно вршење дејност со личен труд, со Предлог на закон,

37. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, со Предлог на закон,

38. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за системот на општествената контрола на цените, со Предлог на закон,

39. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, со Предлог на закон,

40. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон,

41. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за. стандардизација, со Предлог на закон,

42. Предлог за донесуваше на за- кон за изменување на Законот за трговија, со Предлог на закон,

43. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за промет на стоки, со Предлог на закон,

44. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пазаришна инспекција, со Предлог на закон,

45. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за елек- троенергетската инспекција, со Предлог на за- кон,

46. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени материја- ли, со Предлог на закон,

47. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекција на парни котли и постројки под притисок, со Предлог на закон,

48. Предлог за донесување на закон за административните такси, со Предлог на за- кон,

49. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стапките на даноците на граѓаните, со Предлог на закон,

50. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон,

51. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Народната банка на Република Македонија, со Предлог на закон,

52. Предлог за донесување на закон за финансирање на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро со Предлог на закон;

53. Предлог за донесување на закон за учество на Републиката за обезбедување на средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта со Предлог на закон;

54. Предлог за донесување на закон за утврдување на стопански недоволно развиените краишта, со Предлог на закон;

55. Предлог на закон за царини;

56. Предлог на закон за помилување;

57. Предлог на одлука за одобрување на валоризациони коефициенти на катастарскиот приход;

58. Предлог на одлука за утврдување на финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1993 година;

59. Извештај за работата на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност во врска со барањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ од 15 јули 1992 година и предлогот доставен од страна на министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски од 13 јули 1992 година;

60. Информација за состојбите и проблемите во функционирањето на Царинската служба на Република Македонија;

VI/15 7.-

61. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници,

62. Предлози на одлуки за избор на членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи,

63. Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување,

64. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови

на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници,

65. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за меѓунационални од- носи,

66. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија,

67. Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија за прекршоци на Општинскиот суд за прекршоци во Охрид,

68. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на радио - дифузното претпријатие Македонска радио-телевизија,

69. Предлог на одлука за разрешување и именување член на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта,

70. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија,

71. Предлог на одлука за именување претседател и за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев",

72. Предлог на одлука за разрешување од функцијата општински јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Берово,

73. Предлози на одлуки за разрешување од функцијата на заменици јавни обвинители во Општинското јавно обвинителство во Скопје,

74. Предлози на одлуки за разрешување од функцијата судии на Општинскиот суд - Струмица,

75. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител при Општинското јавно обвинителство во Тетово,

76. Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд во Куманово

77. Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија за прекршоци на Општинскиот суд во Радовиш,

78.Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд за прекршоци Тетово,

79.Предлог на одлука за разрешување и ппенување претставници на Републиката во Советот на РО Музеи на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски.

80. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и Комисијата за образование, наука и култура.

81. Предлог на одлука за давање согласност на одлуката за именување директор на Републичкиот завод за вработување;

82. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

Предлог за донесување на закон за изменување на законот за движење и престој на странците со Предлог на закон;

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, со Предлог на закон;

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за набавување, поседување и носење на оружје, со Предлог на закон;

Информација за настаните во населбата Горче Петров;

Информација за настаните на Бит Пазар на 6 ноември;

VII/1/ЛП/ОМ

**СТОЈАН АНДОВ**

Сакам да ве информирам околу дневниот ред што го предлагам за осум точки пред да се изјасните ова да го имате предвид. За осум точки, закони, важна материја за кои Владата е многу заинтересирана да бидат на оваа седница, а од Комисијата за финансии имаме укажување дека не смееме да ги одлагаме понатаму, ние немаме извештај од Законодавно - правната комисија, таа не успеа да заседава и да ги разгледа.

Јас се консултирав и со претседателот на ЗПК, негово мислење е дека треба да се усвојат овие точки, а во текот на работата на Собранието ЗПК да ги разгледа и да поднесе извештај.

Ве молам, за ова да се одлучам вака ми требаа многу долги и многубројни консултации. Тоа беше една од причините што не можевме денес порано да почнеме, заради тоа што ова е преседан кој може да ни нанесе голема опасност. Еден член од ЗПК ако почне нешто да спори дека таа комисија не гледала и незнам што, тоа ќе не врати назад. Ставањето на дневен ред - можеби од било која друга Комисија ние ќе имаме или ќе немаме извештаи, но ЗПК кога се закони во прашање, а не информации или други работи, ве молам треба да инсистираме да имаме извештај.

Предлагам ова укажување на господинот Стојановски овој пат да го усвоиме, инаку тој се согласува со мене дека е важна таа Комисија и дека не смееме да усвојуваме на дневен ред додека не се изјасни таа Комисија.

Дали се прифаќа ова, овој исклучок пред да одиме на изјаснување за дневниот ред, како исклучок е ова, ова е посебна ситуација, одиме во утврдување на точки на дневен ред, закони без извештај на ЗПК, го

прифаќаме тоа нели. (Од пратениците се слушаат зборовите "да, да").'Молам, под услов пред расправата да одиме на неа и тоа само овој пат го правиме.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, не редослед како одат точките туку само дополнување.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

После 86-тата и 87-та точка предлагам да се дополни дневниот ред со уште една точка за да се изготви информација и покрене расправа овде за случаите во село Радовишта.

Предлагам уште една мала измена. Предлагам редоследот на овие информации да биде хронолошки онака како што се случени, април месец Дебар, јуни месец Радолишта, Бит Пазар па Ѓорче Петров. Мислам дека така би требало да оди хронолошки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го давам на изјаснување предлогот на господинот Положани-Информација за настаните во село Радолиште.

Кој е за предлогот на господинот Положани, молам да крене рака.

48 пратеници се за.

Дали има некој против?

7 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

21 пратеник се воздржа од гласање.

Според тоа констатирам дека предлогот - Информација за настаните во село Радолиште Собранието го усвои,и тоа како точка 88 на дневниот ред.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ**: (од место)

Имав уште еден предлог за редоследот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво да го утврдиме дневниот ред, а потоа можеме да расправаме за редоследот.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, барам дополнување на дневниот ред бидејќи уште на 27 јануари група пратеници од Пратеничката група на ВМРО—ДПМНЕ поднесе предлог до Собранието на наредната седница, односно на оваа седница на дневен ред да се постави точката за законите што се однесуваат за изборното законодавство и за таа цел побаравме од Владата да ги подготви законите и да ги достави до Собранието. Станува збор за Законот за избор на претседател на Републиката, Законот за избор на пратеници на Собранието на Републиката, Законот за изборните единици, Законот за бирачките списоци и другите закони штос е сврзани со изборното законодавство.

Целта на нашиот предлог е да се овозможи и да се создаде законска основа за спроведување на нови избори и второ, да се забрза активноста за спроведување на тие идни избори. Кога го поднесовме во наш предлог го имавме предвид членот 10, став 4 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ, според кој треба да се донесат тие изборни закони за кои бараме според предлогот.

Цениме дека овие закони претставуваат темел на изборното законодавство и на демократијата и овие закони треба да се донесат бидејќи на тој начин ќе ни се овозможи државната власт одговорно да се однесува спрема граѓаните , односно и наша уставна обврска е тие закони да ги донесеме затоа што произлегуваат од Уставот на РМ.

Изборното законодавство заслужува значително внимание од причини што новите избори кои треба да уследат произлегуваа не само до одредбите на Уставот, туку на некој начин тие одредби иницираат нови избори во рок од три месеци по нивното усвојување.

Второ, чувствуваме потреба да се надминат привремените преодни решенија според Уставниот закон за спроведуваше на Уставот на РМ, а тие преодни решенија се однесуваат и на претседателот на Републиката.

Трето, бараме изборна проверка на владеачката коалиција односно бараме шанса за македонското бирачко тело да ги преоцени владините активности и последиците од досегашното водење на политика та за изминатите две години, за кои мислиме дека е непринципиелна односно дека е единствениот виновник за сегашната ситуација, за сегашната кризна состојба. сметаме дека сегашниот политички миг е преломен за иднината на македонскиот народ и од тие причини сегашната власт сметаме дека нема повеќе легитимитет (во салата почнуваат реакции на некои пратеници) да т;о прави она што досега го правеше. (Во салата и понатаму се слушаат реакции од некои пратеници, а истовремено пратеникот Арсов продолжи да зборува). Затоа тој легитимитет ние сакаме да го провериме преку нови избори. (Во салата се слушаат се погласни и погласни реагирања). Затоа, дозволете ми да го образложам предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме материјална расправа . Каков дигнитет има тоа во материјална расправа. Тогаш ќе кажете вие по расправата по точката

**ДРАГИ АРСОВ:**

Сметаме дека сегашната Влада е потребно да го добие сенародниот легитимитет (продолжуваат реакциите во салата) и од тие

причини кажав изборите се најреалното мерило за тој легитимитет и да оставиме на македонското бирачко тело да се определи за патиштата по кои Република Македонија ќе крене, а таа шанса треба да им ја дадеме со овие изборни закони односно со шансата со донесувањето на тие изборни закони да се распишат нови избори.

Бараме од Владата час побрзо да ги достави овие изборни закони, а мислам дека досега имаше доволно време да ги подготви Владата и од тие причини сметам дека овој предлог треба да го утврдиме на дневен ред, а со тоа да ја обврземе Владата, додека трае оваа седница, овие закони да ги достави и ние да расправаме по нив и да ги усвоиме според собраниската процедура и тоа на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Арсов бара збор.

Ќе ве молам, сега мене не ми е јасно, дали вие предлагаат тие закони да се уврстат во дневниот ред или што предлагате?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Нашиот предлог мислам дека е сосема јасен. Ние со овој предлог баравме на оваа седница Владата да ги достави изборните закони што овде ги спомнав и тие да бидат уврстени во дневниот ред. Иако овој предлог е доставен на 27 јануари досега Владата не даде мислење по овој предлог. Затоа, инсистирам од страна на Владата да ни ги каже причините зошто досега не е доставено мислење по овој предлог, ако тој писмен предлог не била во состојба досега да го даде, го молам премиерот тоа мислење сега да го образложи.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Морам да кажам дека и јас се изнамачив за да сфатам што е предлогот. Инаку, ако на страна се тргне законот за претседател , кој што досега не постоел, бидејќи по претходниот устав претседателот беше биран од страна на Парламентот, а сега со новиот Устав на Република Македонија оди на непосредни избори, ние имаме избор- на законска регулатива, имаме закон за избор на пратеници, имаме изборни единици итн. Така, не е точно дека имаме правен вакум, ниту дека постои уставна обврска во оној или овој рок за да мора да се донесат овие другите закони, бидејќи законите си постојат.

Друго е прашањето што ако смета дека законите не се добри или не се доволно квалитетни, или некој смета дека треба да биде поинаков закон, тогаш може да биде предлагач и Владата меѓутоа тогаш може да биде било кој пратеник или како што видовме пред малу кај примерот за

законот за продажба на станови можат и непосредно граѓаните да соберат доволен број на гласови, односно потписи. Оттука, произлегува дека никој не попречува на никого од пратениците ниту на парламентарните групи, доколку ценат дека овие изборни закони не се соодветни или треба да претрпат промени да се јават самите како предлагачи на нови закони и тогаш Владата ќе даде свое мислење по предлогот на законот. Сметаме дека е добар, не е добар итн., дека треба да се поднесуваат амандмани итн. Во овој случај се работи за еден допис, при што се бара Владата да се јави како предлагач на изборни закони и мислење по дописот, така што тука едноставно какво мислење можеше да даде Владата по дописот онака како што беше пред- малку господинот Арсов претставен.

Уште еднаш напоменувам не постои уставна обврска ниту во Уставот, ниту во уставниот закон за спроведување на Уставот некој рок дека мора да се донесат нови закони. Законска регулатива постои, доколку некој смета дека треба да претрпат измени може се јави како предлагач. Во владата се работи на некои подобрувања или поголеми или помали измени на изборните закони и тогаш кога ќе цениме дека е тој процес завршен, ние ќе ги предложиме, што не значи дека Парламентот ќе ги прифати и оваа цела процедура може секој да се вклучи.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, не само што оваа иницијатива сега е дадена мислам од пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ, доколку премиерот добро се сеќава во неговата првична беседа при формирањето на Владата кажавте јасно пред сите пратеници, пред целата јавност дека во најкраток можен рок ќе ги подготвите тие закони за предвремени, за нови избори. Тоа беа ваши зборови не беа наши.

Ние само даваме една плус иницијатива за да се завршат тие закони. Ако ве интересира и за другата работа јас и како пратеник имав дадено предлог за закон за избор на претседател на Република Македонија. Тоа значи дека не смеете да ги носите пратениците во заблуда дека ние ако сакаме или како иницијатива да ја поднесеме во овој Парламент. Тоа беше првична ваша иницијатива и токму ве држиме за збор.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи точно е тоа дека јас реков дека Владата ќе направи се што треба да направи за да одлуката за нови избори доколку некој смета дека треба да се донесе да постои целата регулатива за да може таква иницијатива да биде поднесена и на парламентот да биде, да одлучи кога ќе бидат изборите, а не на Владата токму во врска со тоа е она што пред малку го реков. Таа регулатива, освен за законот за избор за претседател целата постои. Ние можеме да оценуваме сега некој да говориме за тоа дали некому одговара мнозинство, или некому пропорционален изборен закон дали овие изборните единици или друго. Меѓутоа, регулатива постои. Ако постои иницијатива, на пример, деновиве имавме прилика да чуеме само едно соопштение од една партија која што е застапена и во парламентот дека се залага за предвремени избори. Си постои сосема легална процедура за која што сите, целата норматива е исполнета. Треба да се соберат доволно потписи, таа иницијатива да се проследи, закони постојат за парламентарни избори инт., и ни сега не постои пречка ова Собрание доколку оцени да донесе одлука за распишуваше на предвремени избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние имаме предлог, имаме предлог на група пратеници кој го образложи господинот Арсов, и фактички овде се предлага заклучок Предлогот, јас како што го разбирам, се вели - Предлогот на Собранието на Република Македонија на наредната седница да ја задолжи Владата

да ги подготви и да ги достави до Собранието Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Законот за избор на претседател на Република Македонија, законот за изборните единици, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, и Законот за избирачките списоци. Тоа е предлогот. Друго е образложение. Образложение чувте и пошироко.

Кој е за, молам , да крене рака. Господин Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас претседателот на Собранието процедурално го прашува дали по предлог на пратеничка група, а пред изјаснувањето може оној кој мисли поинаку да ги изнесе своите аргументи, или само со гласањето може да ги изнесе аргументите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, они не се обраќаат во предлогот на другите пратенички групи туку на Владата. Владата си изнесе став, Владата го претставува парламентарното мнозинство, се подразбира дека е тој став изложен. ј

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ние не се разбравме господине претседателе, има иницијатива за точка на дневен ред, која точка на дневен ред се бара да се донесе заклучок. Вие го ставате тоа на разгледување. Предлагачите на точката ги изнесуваат аргументите зошто точката треба да биде на дневен ред по која точка ќе се донесе заклучок. Дали има друг пратеник право во ова Собрание да изнесе аргументи и да им предочи на другите пратеници зошто мисли дека не треба точката да биде на дневен ред или само со актот на гласање може да одлучи како да ги соопшти своите аргументи

VIII/5.-

на останатите пратеници. Ако вие сметате дека не може, тогаш јас не земам збор, а ако сметате барам збор, за расправа по предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е процедурално прашање во сите уредени Парламенти, се разбира , со искуство. Тоа е само прашање на предлагачот да образложи и Владата да даде мислење. Сите други со гласање си го кажуваат ставот. Само ние овде сакаме сите да кажеме. Тоа постои и сега кај нас како правило, но правилото не се почитува и едноставно ми истрчуваат луѓето со формула дека вршат деловничка интервенција, Вие тоа не го сторивте, а зборуваат веќе за други прашања. Само предлагачот и Владата, сите други си гласаат и со гласањето го одредуваат ставот спрема предлогот. Ви велат, затоа што е тоа недисциплина и не почитување на Деловникот.

**НИК0ЛА ПОПОВСКИ:**

Јас не поставив прашање како е во останатите парламентарни држави, туку како е уредено со нашиот Деловник?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само на изјаснување овде се оди. Само мислење на Владата и изјаснување. Изјаснувањето е со гласање.

За збор се јави господин Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Јас бидејќи не правам голема разлика со техничко лице што е процедурално, чисто, би го замолил претседателот пошто мене не ми е јасно за определување. Ако може да го прочита Предлогот, иницијативата што ја предлага ВМРО-ДПМНЕ, темата која треба да биде предмет да влезе како точка на дневен ред. Насловот на точката што се предлага за мене не ми е јасна за мене не ми е јасна и би замолил претседателот точно да ја дефинира за да би можеле да гласаме

VIII/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакам односно вие ме,терате да кажам нешто што не треба да кажам. Тоа треба да си каже оној што предлага. Тој напишал и потпишал, а вие не доведувате во ситуација да објаснувам што тоа значи, а тоа не треба од мене. Вам тоа што е напишано Ви е поделено. Јас дури и претерав што реков дека тоа може да се направи во вид на заклучок, зашто инаку незнам како. Затоа, луѓето напишале и потпишале, а Вие го имате. Сега јас да објаснувам, не чини. Тоа јас не сум го направил.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Почитувани патеници јас сум еден од потписниците на овој акт и ми се чини дека доволно ќе биде Собранието само да усвои заклучок, што сега јас усно ќе го интерпретирам без расправа. Заклучокот би гласел."Се задолжува Владата на Република Македонија во на итен рок да ги подготви и на Собранието да му го достави Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Законот за избор на претседател на Република Македонија, Законот за изборните единици, Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и Законот за избирачките списоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, останува секој што сака закони покрај Владата има право тоа што го рече и претседателот да предложи, тоа сигурно. Меѓутоа, опозицијата мисли дека не може или не сака таа да ги напра па сака да биде Владата задолжена. затоа, јас чувствувам дек тоа го прави. Во тој случај, кој е за предлогот, нека крева рака. Предлогот го имате и го добивте.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас мислам дека треба да се разјасниме за што ќе гласаме. Не можеме да ставиме на дневен ред точка која ќе гласи да се прифатат заклучоци.

Мораме да ставиме точка да, расправаме, а какви заклучоци ќе се прифатат тоа е веќе друга тема за разговор. Вие дајте конкретен предлог како да гласи точката, а за заклучоците ќе разговараме после по расправата по таа точка. Затоа, дајте јасно да биде насочено што треба да гласаме, дали закон или нешто друго

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само нешто да ви објаснам, кога да кажеме еден пратеник или седум или 10 пратеници, или 15 или незнам колку се сеедно овластено дава еден предлог, никој не може да условува со тоа дали е доволно јасно или не. Тоа во расправа би се видело дали е јасно или не е јасно. Само е на другите пратеници ако мислат дека може да влезе во дневниот ред толку колку е јасно, ќе гласаат за тоа, а ако не им е јасно нема да гласаат за тоа и готова работа. Нема ништо друго. Ве молам, ништо друго, а кога е на дневен ред, ако е на дневен ред, тогаш ќе прашате зошто вака и зошто така. Ве молам инаку ќе треба да отвориме материјална распава да ни се дефинира овде и да ни се кажува.

Молам, кој е за предлогот потпишан овде да се уврсти на дневен ред, нека крене рака.

26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Дали има некој друг предлог?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувани членови на Владата. Ако вечерва успеавме да направиме еден обид и да ги заокружиме и да ги ставиме на дневен ред прашањата сврзани со дејствувањето на полицијата, мислам дека е ред, бидејќи таков заклучок постои да се стави на дневен ред и прашањето за случајот Дебар.

Само тука е поинаква состојбата, за Дебар имаме Комисија и таа комисија работи. Молам, само напоменувам да не се случи дека не сум ви укажал, ова Собрание ја формира таа комисија и ова Собрание ги даде задачите на таа комисија.

Молам, кој е за предлогот на господинот Ајдарага, нека крене рака.

Процедурално се јави Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Парламентарната група формирана во ова Собрание за настаните во Радовиш, Куклиш, Дебар и Скопје, Вие знаете од кои причини не ја заврши работата, ова Собрание не прифати да се смени раководителот на парламентарната група кој и натаму продолжи со опструкции и кочење на работите и ние на вчерашниот состанок на пратеници од оваа парламентарна група се договоривме оваа работа во наредните денови да ја завршиме, да го заокружиме уште Дебар и да извршиме уште одредени измени кои самоволно господинот Петров ги имаше направено околу извештајот и заклучоците и ќе му ги доставиме на ова Собрание на разгледување и усвојување. Затоа, ве молам Дебар да се изостави од дневен ред на оваа седница. Или пак имаме намера полицијата на дневен ред да ја ставиме. Јас незнам што се сакало.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи и ова мислење треба да се има предвид. Кој е за предлогот на господинот Ајдарага нека крене рака. (Пратениците креваат рака)

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувани пратеници, предлагам како точка за дополнување на дневниот ред на 56-та седница на Собранието на Република Македонија

да влезе и предлогот на закон и предлогот на закон за измени и дополнување на Законот за здравствена заштита од следните причини.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ**: (продолжение)

Прво, во програмата за работата на Владата е >зацртано за месец јануари предлог, односно изготвување на проект за измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита. На 28 декември е покрената иницијатива од пратеник за акутните состојби во здравството по кое што има расправано Комисијата за здравство и во потесен и во поширок состав и на заседанието на Комисијата за здравство беа присутни покрај членовите на Комисијата за здравство, сите доктори пратеници, претставници на Владата, претставници на Фондот, претставници на лекарската комора, на македонското лекарско друштво, претставници на Универзитетот и на синдикатот за здравство. Ја поддржаа иницијативата со заклучок, со еден од заклучоците после оваа комисиска расправа по иницијативата да се стави како точка на дневен ред закон за измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита. Имајќи сознанија дека Владата односно министерството за здравство веќе има готов проект за измени и дополнувања на Законот за здравство кој што е во процедура во Владата, а имајќи во подвид и тоа дека обемот на денешната, на 56-тата седница е таков што веројатно, не веројатно, туку сигурно во меѓувреме ќе се случи да помине проектот низ владина процедура од една страна, а од друга страна заради екстремно ажурната состојба и актуелната состојба во здравството и не сакам да навлегувам во таква расправа за да ве убедувам каква е состојбата моментално во здравството и дека не трпи одлагање, јас предлагам дневниот ред да се надополни со оваа точка и биде ставена, па макар и како последна точка за денешната седница, односно за 56-тата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да ве известам таков материјал не сме добиле во Собранието. Не постои предлог за измена и дополнување на закон.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, после расправата на Комисијата за проблемите во здравството и заклучоците што се донесени Советот при Министерството за здравство има дадено предлог на измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита и мислам дека овие измени се во процедура во Владата и треба да се поддржи предлогот на господинот Ќелешов да влезе во дневен ред, заради тоа што мислам дека Владата е готова со предлозите, мислам разгледувани се предлозите од Владата и дека ако се стави на дневен ред сигурно Владата ќе го даде и своето мислење по предлогот што е веќе изготвен од Советот при Министерството за здравство. И мислам дека треба да влезе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ви предлагам за овие работи да не отвораме расправа. Веќе двајца кажаа што мислат. Меѓутоа на дневен ред кога треба закон да дојде по правило треба да има мислење, прво треба да имаме предлагач, потоа треба да имаме став, извештај на Законодавно - правната комисија. Дали е тој проект таков во склад со Уставот итн., потоа треба другите комисии. Сега ние немаме ни закон. Било во постапка во Владата, Владата за тоа нас ќе ни даде кога треба да биде на дневен ред. Комисијата си е друга работа.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа на последната седница на Комисијата за здравство се дискутираше во врска со иницијативата на пратеникот Ристо Ќелешов. Заклучоците на таа седница беа донесени, доставени и до Министерството за здравство. Министерството за здравство во сообразност со својата деловничка

работа си зема за задача да изврши измени во Законот за здравствена заштита кој закон беше донесен пред година ипол. Овие измени се во процедура, се наоѓаат пред другите министерства како што е Министерството за финансии, Министерството за стопанство и мислам дека пред Министерството за законодавство и управа. Бидејќи ја имаме добиено програмата на Владата и на втората точка од прописите, или законите кои што треба да бидат донесени од општествените дејности стои и овој закон дека измените на Законот за здравствена заштита треба да бидат доставени до Собранието, а изработени од Владата во месец јануари. Јас се прашувам ако Владата како што и така стојат работите во најможен рок да ги изготви овие измени, да ги достави на Собранието, односно на матичната служба, односно Комисијата за здравство и во тој случај не ќе има никаков проблем оваа проблематика во однос на измена на законот за здравствена заштита најдоцна за две или три недели да се донесе. Бидејќи е тука и претседателот на Владата господинот Бранко Црвенковски, доколку тој има сознание ако може тоа така да биде, па во тој случај мислам дека ќе нема никакви проблеми во однос на расправа за измена на Законот за здравствена заштита.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Расправаме за предлог за дневен ред за оваа седница. На оваа седница нема ниту еден деловнички услов да може оваа точка да биде утврдена.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи господата пратеници кои што инаку по струка се лекари многу добро знаат дека е ова исклучително важно и со оглед на вкупните состојби во здравството мене ми е сосема јасно инсистирањето да дојде на дневен ред на денешната седница да се стави точка на дневен ред за

измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита. Министерството дел од активностите ги изврши и консултациите и со Комисијата во Собранието и со Советот во Министерството ги изврши консултациите и јас верувам дека многу брзо веќе во наредните денови таа точка ќе биде ставена и на седница на Владата. Така што после тоа ќе биде проследена до Собранието. Меѓутоа, мислам дека треба да водиме сметка за една работа, а тоа е да не направиме преседан условно да ставаме точка. Значи уште пред седница на Владата да се одржела, уште пред законот да е изготвен, уште пред собраниските комисии да расправале. Сепак, бидејќи се работи за закон, а не за информација како во случајот на претходните предлози за кои што се говореше, предлагам сепак да ја уважиме целосно легитимно, легалната процедура, бидејќи се работи за закон кој што си има и свои правни консеквенции и последици. Во името на Владата ја земам обврската тоа да биде направено веќе во наредните денови. Така што верувам дека за наредната седница тоа ќе биде ставено на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа немаме никаков услов да се уврсти во дневниот ред.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Господине претседателе, многу точки на дневен ред се имаат ставено не исполнувајќи ги никаквите деловнички услови, прифатени се да бидат точки на дневен ред, а во од да бидат доставени информации од Владата, додатоци, корекции, па дури и некои сегменти од законски проекти. Ако треба состојбата во здравството таква каква што е, а ние здравствените работници па и граѓаните знаеме заради неисполнување

на протоколарни и деловнички категории да отпадне од 56-тата седница која што длабоко сум уверен гледајќи ја содржината на дневниот ред дека ќе трае повеќе од месец дена, а по таква хронологија на настаните актуелните состојби ќе треба да се искорегираат дури во 1994 година, тогаш јас не знам каде е логиката. Сепак инсистирам да се стави на гласање моето барање како точка на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, закон без да го имате поделено текстот не сме уврстувале во дневен ред.

Предлогот на господинот Ќелешов го давам на изјаснување

Кој е за, да крене рака? (42 пратеника)

Дали некој е против? (12 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (18 пратеници)

Ве молам стручните служби да го утврдат точниот број на присутните работници. Правиме голем преседан.

Констатирам дека предлогот на Ќелешов не е усвоен. Присутни се 93 пратеници, 42 пратеника гласаа за.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Барам поединечно гласање и поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господа, како можеме да уврстиме закон на дневен ред кој го нема, не постои тој закон, никој не го направил. Како може така да се работи. За секој предлог што пратеникот инсистира да се гласа, морам да го дадам на гласање. Па затоа јас ви кажувам да се раководите од тоа. Собранието одлучува за секој предлог. Јас не можам сам да одлучам. Ви укажувам за да сфатите, бидејќи тоа не е деловнички, а вие го кршите деловникот.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

При предлози за поединечно гласање кога се прозива пратеникот да стане од клупата заради идентитетот. Инаку не знаеме кој е за, а кој против. Така е по деловниците во поразвиените земји, ќе стане кога ќе биде прозван и ќе се изјасни.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Ајде да се обидам да помогнам повторно и покрај тоа што можеби не е моја задача тоа да го правам во овој момент. Со оглед на бројот на точките на оваа седница кој што е 90 и не знаеме на крај после сите овие лицитирања колку ќе бидат. Со оглед на фактот дека е јасно дека ќе има и некои продолженија на оваа седница кои ќе траат подолго време, незнам двапати, три пати 'во текот на недела, две, со оглед на фактот дека во меѓувреме ќе искачаат работи кој што треба итно да бидат донесени од страна на Собранието, па ќе имаме седници, други седници веќе во наредната 'недела, можеби вторник, среда, еве 53-та седница земена е обврска дека треба да се одржи во текот на следната недела. Мислам дека сосема го разбирам господинот Ќелешов неговата желба е овој закон јда се најде час поскоро. Мислам дека многу побрзо ќе се најде ако се искористи една од седниците што во наредната недела, или наредните 10 дена ќе бидат дојдени овде, ќе мораат да се одржат, а Владата да земе обврска да го стави тоа на дневен ред на тие седници. Во спротивно само да укажам на една работа. Ако оваа точка влезе на оваа седница, тогаш не ќе можеме да ја искористиме приликата ако има седница во вторник, среда, или четврток, нова седница итн. да се уфрли бидејќи веќе ќе фигурира како точка во дневниот ред на 56-тата седница. Моја сугестија е бидејќи верувам, а јас верувам дека и времето ќе покаже дека е така ако е  основната цел побрзо да се најде законот пред

Собранието со оваа обврска од страна на Владата и доколку господинот Ќелешов се согласи сега да го повлече предлогот, мислам дека заеднички ќе ја исполниме целта, а тоа е законот да дојде час поскоро пред Собранието. Затоа би го замолил тоа да го направи и на тој начин да ја отстраниме опасноста од правењето на еден преседан. Во право е претседателот на Парламентот, сега ставаме точка на дневен ред за која што апсолутно не е запазена деловничката процедура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Ќелешов го прифаќа овој предлог на претседателот на Владата? Го прифаќа. Значи тоа прашање го разјаснивме.

Дали има уште некој предлог во врска со дневниот ред?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Имам предлог точката бр.4 Предлог за донесување на закон за матична евиденција да се симне од дневниот ред на оваа седница не заради намера да се пролонгира, или одолговлекува прашањето, туку за да направиме, тоа Владата со допис ќе го дос- тави до претседателот на Собранието групирањето на законите од соодветна сфера и тоа ќе биде на дневен ред веќе на наредната седница, бидејќи имаме неколку закони со слична содржина и иста проблематика, па намерата на Владата е да ги групира на првата наредна седница да бидат заедно разгледувани. Од тие причини го предлагам тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа, претседателот на Владата не предлага, туку не известува.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Сосема сте во право. Јас ве известувам дека ја симнуваме точката од дневниот ред.

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, предлагам на дневен ред да се стави Законот за изменување и дополнување на Законот за сметководство со Предлог на закон. Со оглед на тоа што се изготвува завршна сметка за 1992 година овој закон да се донесе по итна постапка и да се применува по годишна сметка за 1992 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, имаме предлог Законот за сметководство да се уврсти во дневниот ред.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, законскиот рок за поднесување на завршните сметки е 2 8 февруари, уште утре треба да ги поднесат со закон. Според тоа, за да влезе на оваа седница изгледите тој да биде спроведен со завршната сметка е исклучено. Според тоа не е можно тоа да се направи.

**СТОЈАН АНДОЕВ:**

Инаку законот сега е во фаза на предлог. Треба да се подготви предлог. И таков уште не е дојден во Собрание. Тој е во постапка во Владата. Имаме ист случај како и претходниот.

Јас го молам господинот Темелковски ако имал предлог да се донесе таков закон требал да подготви предлог овде. Ако не подготвил, тогаш да чекаме Владата да ни даде предлог. Не можеме без закон да одиме во дневен ред.

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседател законот е доставен на 22 јануари 1993 година. Предлагачи се група пратеници на ВМО-ДПМНЕ. Еве го законот. Во што се состои овој Закон.

Во членот 28 став 3 да се брише и се предвидува на претпријатијата им е дадена можност ако се покаже добивка да не плаќаат доход и придонеси. Со ова државата и Буџетот губи , по наша проценка и анализи, околу еден републички буџет за 1991 и 1992 г година.

Со членот 78, кој е исто така битен, со постојниот закон за сметководство предвидена е ревалоризација. Таа е мерка што во услови на инфлација треба да се обезбеди реална вредност на средствата и на изворите на средствата.

Со книговодствената вредност се врши сведување на пазарна вредност. Таа е позитивна во услови на висока инфлација, но одредени решенија во Законот се спротивни на утврдување на реалната вредност на капиталот и тие го обезвреднуваат општествениот капитал и обезбедуваат прективање на негативните резултати. Со овие решенија се постигнува следното:се прекриваат загубите, се обезвреднува општествениот капитал и се прикрива позитивното работење. Затоа при продавањето на интерните акции и удели претпријатијата се продаваат по книговодствена вредност а на по пазарна што е легална кражба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Владата дадеа мислење по овој предлог на г-дин Темелковски.

**ЏЕВДЕР ХАРЕДИНИ:**

Да бидеме начисто. Овој закон не е дојден до Влада. Владата нема мислење. Сега испаѓа...

X/2.-

Ќе утврдиме сега. Навистина сме со хартии посипани. Сега ќе утврдиме каква е фактичката состојба, кога ви е испратен, дали ви е испратен, дали сте добиле мислење и сл.

Ова прашање го резервираме, ви се молам дали има други дополнувања.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Јас би сакал да ми се објасни сега во врска со претходниот закон дали Владаа го повлекува законот привремено, или точката е симната од дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не. Го повлекува сега.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Слушнав дека се симнува точката од дневен ред. Со тоа не се согласувам. Ако Владата го повлекува Законот е друга работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, на друга седница ќе го пушти законот.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Со оглед на тоа како се одвиваше денешнава седница би сакал да има на дневен ред еден информација до каде е дојдено со системот на автоматско гласање. Мислам дека образложение не е потребно

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве мола, за тоа ќе се даде информација, а не треба да дојде на дневен ред. Стручната служба ќе ви испрати информација.

Овој Закон не е уврстен заради тоа што уште не е добиено мислење од Владата. Инаку, точно е дека имаме предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за сметководство со Предлог на закон. Ца 29 јануари сме бараме мислење од Владата, но не сме добиле. Можеби залутало, меѓутоа после барањето нема мислење.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Законот до Министерството кое е надлежно да даде мислење не е ни до ден денес пристигнато.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве кога е упатено писмото.

(го покажува писмото)

Добро, се уште немаме мислење. Законот постои, можеме да го уврстиме во дневен ред во текот на седницата да го гледа комисија, да се прибави мислење од Влада итн.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, мислам дека поочитледен пример од игнорирање на предлозите од опозицијата нема од ова денеска што се случи. Предлогот на законот е доставен на 21 јануари од група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Инаку, ова е многу важен закон за сметководство. Факт е дека тука некој мора да сноси одговорност. Дали се работи за намерна блокада од страна на позицијата, поточно од страна на владата, или од блокада на Претседателството на Собранието. Мора д асе утврди за што се работи и да се сноси одговорност.

За претходниот предлог на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за поднесување на пакетот закони за подготовка на новите избори, беше

X/4.-

кажано од страна на премието дека такви предлози ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа нема врска со ова сега.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Дозволете ме мислата да си ја завршам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само она што се однесува за ...

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Немаме доставено закони од страна на ВМРП-ДПМНЕ. Сега кога имаме доставено закони тие не се упатуваат навреме до Владата. Целта на ваквите постапки ми се чини е да се игнорираат целосно сите предлози на опозицијата и со една тактика на одолговлечвување позицијата да си ја зацврстите власта на штета на сите македонски граѓани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, кога ќе дојде Законот вие тоа ќе си го кажете. Да, ова е еден закон кој е даден и сега да го дадеме на изјаснување.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, иако беше изнесено, да изнесам и јас дека можеби законот има добри претпоставки, според ова овде што го слушнавме, бидејќи не сме го добиле и не сме го проучиле, но да беше на време доставен и да можеше да се расправа по него. Сега завршините сметки на кои алудира Законот се навистина завршени по постојниот закон. Последен датум за предавање е утрешниот ден и мислам секакво уврстување на закон за оваа проблематика е депласирано затоа што може да направи евентуално некој друг правен вакум, или правна несогласица да не може да се работи. По постојниот закон се

направени и мора да се предадат. Во спротивно тој во оваа смисла нема..., инаку може да има добри поставки и добро е да е навреме поставен. Но сега нема шанси и ако се работи за овие пресметки не може никако бидејќи ќе се донесе, па треба осум дена од денот на објавувањето, така да нема никаква цел. Единствено можеме да дискутираме за периодична пресметка, за шесте месеци да расправаме и по него да имаме некакво видување.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Овој Закон ние како пратеници го имавме добиено. Тука нема дилема дали го имавме или го немавме добиено. Инаку, бидејќи не беше предложен како точка за оваа седница ние како Комисија не го разгледавме овој Закон.

Во членот 4 стои дека овој Закон влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува при изготвување на годишната сметка за 1992 година. Според тоа, бидејќи денес сме 25, а рокот за поднесување на годишната завршна сметка е 28 февруари фактички Законот ваков како што е предложен со сите овие четири члена и денес да го ставиме на дневен ред нема сврха, заради тоа што треба 8 дена од денот на објавувањето да почне да важи. На пример, и да го донесеме утре, ако нешто не се измени во овој закон, како што имаше предлог од еден од предлагачите на Законот да важи за 6-те месеци тоа е нешто друго, но ние Законот онака како што го имаме добиено да го ставиме денеска на дневен ред сметам дека нема сврха од таа гледна точка, ненавлегувајки во содржината на Законот со другите три члена.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи сега низ дискусиите успеавме целосно или делумно да разбереме за каков предлог се работи, со оглед на тоа дека навистина до Владата не е доставено, ниту имавме прилика да го разгледаме на

седница на Владата, ова не е предлог на закон за сметководство, туку измени и дополнувања на постојниот закон за сметководство. Инаку, во Владата си оди процедура за нов закон за сметководство, кој што тече по сите процедури и фази што се потребни за еден така важен закон.

Меѓутоа, само уште една сугестија до колку можам да помогнам од аспект на тоа дали треба или не треба овој предлог да се стави на дневен ред, а тоа е следното, една квалитативна новина која со новиот Устав по член 52 став 4 од Уставот, околу ретроактивното дејство на законите што се носат.

Имено, ова го говорам, но ен сакам да отворам материјална расправа, меѓутоа да помогнам дали треба или не треба да влезе законот на дневен ред, верувам дека доколку е амбицијата на предлагачот овој закон да бидеа донесен сега, тоа што имавме прилика да го чуеме, а да важи за Завршната сметка за 1992 година, тоа значи ретроактивно менување на условите за работа на стопанските субјекти. Од таа причина мислам дека имаме уште еден аргумент да размислиме дали е таа ургентна работа сега да ја поставиме, бидејќи без разлика на она 8 дена или не, дури тогаш кога е предложен Законот прашање е дали со овој закон можеме да ги промениме условите за работа кои што важеле за цела 1992 година, што се коси со член 52 став 4 од Уставот за ректорактивно дејство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сепак, јас морам да го дадам на изјаснување Предлогот на г-динот Темелковски т.е. на групата пратеници.

Кој е за, да се уврсти овој Закон на дневен ред, молам да крене рака. (27 пратеници)

27 пратеника гласаа за.

Според тоа, овој предлог не е прифатен.

Молам дали има уште предлози? /нема/

Бидејќи нема други предлози , дневниот ред што ви го прочитав со дополнувањето што го усвоивме по Предлогот на г-динот Положани го давам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (81 пратеник)

81 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на РМ достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Богдан Неделковски, Џелил Таири, Васил Зимбаков, Неџадин Џафери, Томислав Стевковски, Александар Гештаковски, Шабан Превала, Панче Минов, Ефтим Манев, Неим Селмани, Јаким Ивановски, Славјанка Стојанова, Митко Анастасовски, Санде Давчев Фаик Абди,Авди Муртезани, Борис Змејковски, Тодор Петров, Горги Бојковски, Љупчо Јакимовски, Михаил Пановски и Благоја Чкатроски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со ситите имаат дополнителни прашања:

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Точно е тоа дека добив одговор на поставеното прашање, од Министерството на финансии каде што беше речено дека на 18.7.1992 година вкупно биле пријавени 1.172 кандидати за обука за царинарници. Вели дека од редот на Албанците беа пријавени 27 кандидати, од кои 10 не ги исполнуваат конкурсните услови, или од вкупно 17 кандидати условите ги исполнуваат, а на тестирањето се јавиле само 10 кандидати.

Од тие 10 кандидати е избран само еден кандидат. Моето дополнително прашање се однесува на тоа.

Колку има од редот на таа Комисија од албанска националност

Не сум задоволен од тоа каде што се напоменува, бидејќи јас во прашањето велам - иако се знае дека над 90% од лицата кои патуваат во странство се од редот на албанците, што е факт, а овде вели- ме "исто така напоменуваме дека структурата на патниците преку граничните премини не може да биде критериум за прием на цармински работници по национална структура". Ако е така, тогаш јас предлагам да бидат сите царински работници странци, некаде од други земји, ако не е критериум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На дополнителното прашање ќе се одговори дополнително.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Дами и господа пратеници, моето поранешно прашање беше упатено до МВР, а ми е одговорено од страна на Министерството за правосудство и управа при Владата на Република Македонија.

Се работеше за три случаи убиства и тоа случени во последните 10 години две убиства во с. Шипковица, сторителот уште непознат, и еден во Тетово и Прашањето ми беше што е сторено во врска со овие убиства, дали има резултати, дали е покрената постапка и дали се казнети, односно осудени обвинетите.

XI/1/РД/лј

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Барам Владата на Република Македонија да ми одговори на следните прашања:

Прво, кој поединец или работна организација се виновни за големиот помор на рибите во реката Вардар?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте, дали имате дополнително прашање?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Немам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш седнете.

**ФАИК АБДИ**

На прашањето каков е националниот состав на ново напишаните ученици и студенти во учебната 1992 -1993 година, добив одговор дека до 31.12.1992 година Министерството немало увид, па после тоа ќе направело таков увид. Па ајде нека побрзат, бидејќи февруари е при крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има дополнителни прашања.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно е дека немам одговор три месеци и сакам да го повторам прашањето, иако и писмено ургирав со секретарот на Собранието, а и до Министерот за правосудство. Прашањето сум го поставил на 22 октомври 1992 година, а до денес нема никаков одговор. Тоа гласи: Дали Владата има сознанија дека на 16 октомври оваа година се склучени договори во надлежните судови во Република Македонија, по основ на стариот закон. И доколку има склучено такви договори,' колкав е нивниот број, во кои судови се склучени и за описот на становите за кои што се склучени такви договори на 16 октомври 1992 год.

XI/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

За ова сме ургирале, меѓутоа уште не сме добиле одговор и јас молам надлежниот министер да одговори.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Го направивме одговорот и пратеникот ќе го добие.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Пред два месеца пред овој парламент поставив прашање до надлежното министерство за образование околу отворањето на паралелките по мајчин јазик албански во село Жировница и до ден денеска немам добиено одговор. Инсистирам да ми се даде писмен одговор.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Иако поминаа повеќе од месеци на ниедно прашање од 7 што ги поставив не ми беше одговорено, па ја прашувам Владата доколку прашањата и се тешки, можам да и стојам на располагање да им помогна како би можел да им одговорам на оние кои што ми ги поставија од избирачкото тело.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Пратеничко прашање поставив на 22 декември 1992 година кој во архивата е заведен со број 4901 - 1. Пратеничкото прашање се однесува, дали подрачната единица на министерството за внатрешни работи од Прилеп има поднесено кривична пријава до општинскиот јавен обвинител во Прилеп за ведено под КТ бр.76-91 од јануари 1991 година против одредено лице без именување за кривично дело од Владата, кривични дела од стопанството, од казнениот закон на Република Македонија. Направена е проверка во Општинскиот суд во Прилеп дали пред истиот е поднесено барање за спроведување на истрага и дали е поднесено директно обвинение. Таков предмет пред судот нема заведено, што значи предметот е сеуште во обработка пред јавниот обвинител, која постапка за чудо трае скоро две години, а за која јавниот обвинител е должен по поднесувањето на кривичната пријава да се

произнесе дали бара истрага, или обвинува во рок од 15 дена. Понатаму, поставувам прашање дали овој предмет е во фиока скри- ен заради политичка заднина, бидејќи има сомневање дека кривичното дело е сторено од лице функционер. Сега само на овој дел би дал одговор дека е тоа намерно сторено, дека е со политичка заднина, тоа ќе се види точно во точките на дневниот ред од оваа седница. Јас барам ова пратеничко прашање повторно да ми биде писмено одговорено.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

До министерството за правосудство на претходната седница некаде пред месец и нешто доставив барање да се одговори во врска со комуналната работна организација Гостивар. Сеуште немам одговор добиено, а како резултат на таа споро во решавање на одре- дени проблеми, деновиве имавме собирање на истите работници од таа организација пред Собранието на општина Гостивар. Молам з а одговор и итно разрешување на тие проблеми.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

До кога вработените во работните организации и акционерски друштва кои носат униформи, сеуште на капитал ќе ги имаат петокраките, што беа одбележување на комунистичкиот систем.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Јас не сакав да го искористам моето право во смисла на ургенција на повеќе мои поставени прашања, кои што беа поставени во писмена форма, а на кои до денеска не добив одговор,на тоа сакам уште еднаш да ја потсетам Владата, се работи за повеќе прашања меѓу кои проблемот околу откупот и залихите на оризот, со присутните проблеми и прашањето за изнаоѓање решенија, иницијативата за изработката на студија околу изградбата и оправданоста на изградбата на железничката пруга Кочани - Благоевград и информација од кого користењето и искористеноста на

средствата по основ на одлуката на Владата за делот од 30% што се осигува на секој прилив остварен по извршен износ на стоки и производи. Замолувам по овие прашања Владата да даде во најкраток рок писмен одговор.

Денеска сакам да поставам едно прашање кој во последните недели ја возбуди доста јавноста во Кочани, односно се работи за изненадната смрт на Атанасов Пане Спасе, жител на град Кочани кој што према информацијата на званичните органи дека смртта произлегува од самоубиство, меѓутоа ова прашање прилично ја разбранува јавноста во Кочани, од тие причини со цел да се дојде до!едни поцелосни и правилни информации до Владата на Република Македонија го поставувам следното прашање. Тоа прашање Владата треба да го постави за обработка до надлежните републички органи. Јас тоа не би сакал сега поконкретно да го упатувам до друг орган, затоа ја користам формата прашањето да го упатам до Владата на Република Македонија

Во одговорот на прашањето да биде обработено следното: Да се даде една комплетна информација за околностите од кои настапила смртта на лицето Атанасов Пане Спасе , кои активности биле преземени од државните органи надлежни за оваа работа, според законот, во утврдување на околностите под кои настапила смртта , понатаму дали надлежните државни органи ги преземале сите потребни дејствија, пропишани со законот во утврдувањето на околностите под кои настапила смртта. Барам по овие прашања да се даде писмен одговор, а истовремено со одговорот на овие прашања да биде помирена и пошироката јавност.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Барам Владата на Република Македонија да ми одговори, ако може сега, ако не писмено, на тоа кој поединец, или која работна организација е кривец за големиот помор на рибите во реката Вардар на 05.01.1993

година. Второ, барам Владата на Република Македонија да ми одговори кои работни организации се виновни за големото загадување на воздухот во Скопје, со чад и сулфур диоксид во текот на месец јануари 1993 година.

Трето, Дали Македонската царина има техничка опрема со која може да открие внесување на радио активни материјали во Република Македонија.

Четврто,колку пари досега, барам да ми се одговори во германски марки или американски долари е инвестирано во Републичкиот информационен центар, како и тоа колку стручњаци, високо квалификувани досега го имаат напуштено и зошто?

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, денес бев во голема дилема дали ова прашање што сега ќе го поставам требаше да оди како пратеничко прашање или да оди како една информација во дневниот ред на оваа седница. Но сепак се одлучив да оди како пратеничко прашање. Имено, станува збор за донесувањето на законот за исплата на платите во Република Македонија. Во претходната недела од повеќе субјекти, од областа на стопанството, од општина Битола и по телефон и со лични контакти, добив извесни сознанија дека со не донесувањето на овој закон, а исто така и министерот знае дека тука се вршат одредени преговори меѓу Владата, Синдикатот и Комората, настанат е извесен застој и според таа логика, господинот министер од ресорното министерство, според сознанијата што ги имаме од компетентни луѓе околу 500 дозволи се дадени за исплата на плати во Република Македонија о 20 до 50%, а тоа право ресорниот министер го нема. Ми беше укажано доколку во ваквите моменти продолжат во Република Македонија со неодговорно однесување на ресорното министерство, во Македонија ќе дојдат до уште поголеми бранови на социјални штрајкови,

и немири а еден таков, може би и повеќе се во Битола, да не ги набројувам, само го земам како пример РЕК БИТОЛА во врска со исплатата на платите. Барам од ова министерство, бидејќи е тука министерот веднаш да ми биде одговорено, што е направено досега и дали во најкраток рок може на оваа проблематика да и се стави крај, зашто социјалните немири ни се пред прагот.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

На ова пратеничко прашање би се обидел сега да дадам одговор проблемите со исплата на платите во минатите месеци за јануари и сега веќе се движиме и февруари е проблематично и е вистина тоа што господинот пратеник кажа дека ние трите потписници на договорот, Синдикатот, Комората и Владата, во последно време дадовме потврди, потпишани од сите потписници, не само од министерот, со право за зголемување на личните доходи и тоа на следен начин: На сите претпријатија кои имаат просечна плата до 70 илјади денари, им овозможувавме зголемување на платите за 50%. На организациите кои имаат просечна плата до 100 илјади денари им дозволивме зголемување на плати до 40% и на претпријатијата кои имаат над 100 илјади денари им дозволуваме зголемување на платите за 30%. Такви потврди се некаде потпишани во овој период околу 600. Во цела Република Македонија и тоа од причини што за жал разговоте меѓу трите потписници до ден денеска, еве читавте и од средствата за информирање, меѓутоа сеуште не сме дојдени до конечен договор, посебно со синдикатот, бидејќи веќе со Комората имаме заеднички ставови изградени и се надеваме дека во текот на денешниот ден кога ќе продолжат на ова Собрание разговорите ќе дојдеме до некое решение. Инаку, во овој период мислам сите овие потврди што се дадени и како право што им е овозможено на претпријатијата да ги зголемат тие плати, ќе се вклопат во правото што на некој начин ние инсистираме да дојдеме

до договор со трите партнери и ќе нема проблеми за некое преметување во областа на платите и некои социјални тензии и социјални проблеми. Напротив, цениме и бевме притиснати дека доколку не прифативме едно вакво решение ќе имавме огромни проблеми и огромни притисоци од самите претпријатија, од самите колективи за зголемување на платите. Меѓутоа, ваквиот начин мислам дека не е решение, ние за тоа сме свесни, меѓутоа за жал после два месеци разговори сеуште не можеме за жал да дојдеме до конечно решение. Ние како Влада бевме со размислување да одиме со некои други решенија, меѓутоа цениме дека бидејќи сеуште ние комплетна антиинфлациона програма немаме и во овој период се покажа дека оваа проблематика ако се решава со закони има и те какви проблеми и во овој период сеуште не сме , спремни да излеземе пред Собранието со закон. Но, доколку не бидеме во можност да постигнеме договор со трите партнери во конечно време веројатно ќе нудиме некои решенија тогаш како ќе одлучи Парламентот. Меѓутоа, мислам дека при крај сме уште само за еден сегмент не можеме да се договориме со Синдикатот, а се надевам дека вечерва или утре ќе дојде и до тоа и ќе потпишеме една објава, или анекс на колективниот договор до 30 април,а веднаш да почнеме со разговори и преговори за регулирање на платите во наредната 1993 година. Сега мислам дека со овие потврди што ги издадовме, мислам дека направивме позитивно за претпријатијата и за стопанството, отколку да не ги дадовме од страна на трите потписници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Котевски е задоволен од одговорот.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

90% сум задоволен, само за една работа не ми појаснивте. Дали на оние што им дадовте 600 одобренија за да ги зголемат платите се врз

основа на реално покажаните резултати во организациите или тоа по која логика и по кое видување вие го дадовте. Ако накнадно се донесе тој закон ги потпишете тие колективни договори дали ќе нема пречекорување и дали не ќе се создаде да речеме печатење на нови пари, да се пречекори таа емисија на плата. Тука не ми е јасно.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Мислам дека овие потврди што ги издадовме дали имале можност или право, ние тоа право им го дадовме. Тие колективи кои немаат можност да исплатат, тие не ги исплатуваат. Јас исто така можам да кажам дека тие 600 потврди во голем број претпријатија не се стопостотно реализирани. Така ако добил право за 50%, а финансиски не му се овозможува користење на тоа право тој отишол со зголемување од 30 или 20%. Така да мислам дека правото е едно, а исплатата е друго, во зависност на самите колективи. А тоа право ние мислиме дека ќе се вклопи оној пораст што го предвидувавме за инфлацијата во јануари и во февруари месец за да немаме некое пореметување,масата на средствата на платите да ни биде под контрола на макроекономската политика што ја предложивме во 1993 година.

XII/1 jj/см

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прашувам зошто преспанското село Љубојно и покрај сите услови да влезе во категоријата на ридско-планински подрачја и со најновата одлука не е опфатено како такво. тоа е првото прашање.

Второто прашање со оглед на тоа да моите предлог - мерки за ублажување на состојбата за откупот на јаболката не беа прифатени и не влегоа како заклучни решенија, прашувам конкретно, кои мерки ги планира Владата за ублажување на состојбата во врска со пласманот на јаболковото производство од оваа реколта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Надлежниот министер не е тука нека се задолжи министерот и Владата писмено да го известат пратеникот.

Има збор пратеникот Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Прашањето го упатувам до надлежност министерство, за Правосудство, а гласи - до каде е постапката со барањето од вработените од Скијачкиот центар "Заре Лазаревски"во Маврово - Гостиварско во врска со интеграцијата со Кожарскиот комбинат "Гоце Делчев" од Скопје. Инаку можам да кажам дека барањето е испратено до Министерството уште на 27.05.1992 година. Барам писмен одговор и се надевам дека ќе го добијам побргу а не да чекам после два месеца.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве известувам дека и господинот Коле Луловски бараше овде да постави прашање,па го достави писмено.

XII/2

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Пред 6 месеци пратениците од Струга јас со Трпеновски и Положани, за прв пат поставивме заедничко пратеничко прашање за некоректните односи на Управниот одбор на "Меркур - Скопје" спрема Стоковната куќа"Струга - Промет" кои ги загрозија егзистенцијалните интереси на вработените во Струга. Одговор за жал до денеска не добивме. Сега го обновуваме прашањето со дополнување на актуелните состојби во системот стоковни куќи "Меркур" во Републиката, произлезени со огласот, за продавање на делови и цели стоковни куќи низ Републиката, со одлука донесена во Скопје во Меркур, во 1есен круг. Овие објекти знаеме дека повеќе се градени со средства на РФНП. Овој оглас внесе вознемиреност и несигурност кај вработените во стоковните куќи низ Републиката. Дали Министерството за стопанство ги следи овие појави и каков е односот на Владата кон нив. Молам за писмен одговор.

**ФАИК АБДИ:**

Како што е познато процесот на интеграција на реинтеграција на ромите од Северна Рајна Вествалија на азиланти е во 6д. Бевме на разговор во неговата екселенција, амбасадорот на Германија во Белград и прашавме зошто оттаму се бркаат Ромите и второ зошто сите други федерални единици не учествуваат во проектот на реинтеграцијата. Ни беше кажано дека овој проблем е пробен проект и доколку биде успешен ќе се вклопат и другите федерални држави. Бидејќи е време да се разговара за оваа работа, прашувам дали Владата на Република Македонија презела ваква активност, да разговара со федерална Република Германија за испомош на ромите од цела Германија да им се вратат и за кои имаат намера да ги вратат ваму. Да ве известам дека за ова ќе пратиме писмо до неговата екселенција господин Хермут Кол,

канцеларот на Германија. Тоа е едното прашање.

Второто прашање се однесува на следново - во заводите за вработување во Република Македонија се евидентирани колку што знам повеќе од 180.000 невработени. Прашувам каков е националниот, социјалниот и квалификациониот состав на невработените. По писмен пат сакам да бидам известен.

Трето прашање, во Скопје и во општините на Република Македонија, скоро на секаде гледаме многу лица кои просат. Дали Министерството за труд и социјална политика имаат некој преглед да се види, колкав е тој број на луѓе, а ако нема, барам да се подготви една информација по која би расправале и би презеле мерки или по која Министерството ќе предложи на Владата да се преземат мерки и активности за постапно елиминирање на овие состојби. За ова барам писмен одговор.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:!**

Јас имам две прашања. Во Службениот весник на Република Македонија бр. 5/93 од 2.11. е објавено Решението на Владата за давање согласност за назначување финансиски инспектор во Републичкиот финансиски инспекторат под бр. 17-3967/2 од 18.1.1993 година, со кое решение е дадена согласност за Секретаријатот за финансии во Демир Хисар, да биде назначен за инспектор лицето Горан Димановски, дипломиран правник од Битола. Со оглед на тоа дека ова е последователно во низ од неколку решенија што Владата на Република Македонија во државните органи, т.е. во подрачните единици и во општината Демир Хисар назначува лица од општината Битола и градот Битола при услови на постоење на голем број на невработени лица и граѓани од општина Демир Хисар, ваквото решение  и во рамките на

другите решенија има предизвикано големо незадоволство, пред се, кај невработените лица и пошироко кај граѓаните во општината Демир Хисар. Од тие причини задолжен сум од дел од граѓаните кои реагираат на ваквото решение, да го поставам следното прашање до Владата - дали назначениот кандидат ги исполнува условите согласно законските прописи за финансиски инспектор и каква е улогата на одредени раководни лица во Министерството за финансии односно конкретно на помошникот,Стојанка Најденовска,на министерот за финансии во назначувањето на ова лице за финансиски инспектор. Со оглед на настанатите околности и реагирања на граѓаните во општина Демир Хисар, дали Владата ќе го повлече ова решение, односно да ја преиспита својата постапка во донесувањето на ваквото решение.

Второто прашање се однесува во однос на случувањата што се вршат со актите што ги презема директорот на Републичката геодетска управа, господинот Коста Христов, во врска со единицата на Геодетската управа во општината Демир Хисар, а имено, претходниве неколку недели се издадени решенија на вработените во подрачната организациона единица на Геодетската управа во општина Демир Хисар за нивно преместување на работно место во рамките на организационата единица во Битола, со што е оневозможено нормално функционирање на подрачната единица и отежнато е остварувањето на правата на граѓаните од општина Демир Хисар во однос на некои права што тие сакаат да ги остваруваат од запишување или евидентирање на недвижности односно земјиште, згради и друг имот.

Прашувам дали надлежните органи во Владата на РМ ќе преземат мерки за да може нормално да работи подрачната единица на Републичката геодетска управа во општина Демир Хисар.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Јас имам две пратенички прашања. Првото би се однесувало на следново: Со одлука бр. 192/1 од 17.06.1977 година на дел од жителите од с. Пелинце, општина Куманово им е одземен дел од сопственоста и тоа шума во месноста наречена"Мираж", "Влајков Рид", "Габреница", "Мишин чукар" и е доделена на експлоатација на Шумското стопанство Куманово. Граѓаните незадоволни од оваа одлука, по пат на судска парнична постапка се обиделе да ја повратат изгубената сопственост, тужејќ^ ја општина Куманово. Општинскиот суд во Куманово уважувајќи го тужбеното барање на поголем дел од тужителите на околу 2/3 од нив им ја признал сопственоста за одземениот имот односно шума, а на останатите тужбеното барање им е одбиено како неосновано. Интересно е да се напомене дека во парничната постапка за докажување на сопственоста се случило во неколку случаи, кај неколкуте браќа од иста фамилија со исто наследно решение, Судот да донесе различни решенија, при што на едните им го уважил тужбеното барање, а на другите им го одбил. На пр. седморицата браќа Спасовски со исто наследно решение на четворицата им е уважено тужбеното барање, а на останатите им е одбиено. Има уште неколку примери, документацијата е кај мене и можам да ја приложам до ресорното министерство за правосудство.

Настанатата ситуација довела до голем револт кај граѓаните во с. Пелинце кои што се во мојата изборна единица, кои што особено го изразија на собирот од 27.12.1992 година, на кој е донесен заклучок да се побара ревизија на целокупната судска постапка за утврдување на сопственоста на одземената шума, со што сите учесници во постапката би се ставиле во рамноправна положба.

XII/6

Согледувајќи ја горенастанатата ситуација, изразениот револт на жителите од с. Пелинце, кои се обратија до мене како нивни пратеник, се обраќам до Министерството за правосудство и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со молба да се спречи понатамошната експлоатација на делот од одземената шума од страна на Шумското стопанство, се додека решението бр. 193/1 од 17.06.1977 го- дина за одземање на шумата, не биде ставено на повторна ревизија што ќе придонесе за граѓаните од с. Пелинце, кои што имаат исти наследни решенија да се стават во рамноправна положба.

Напоменувам дека во меѓувреме оние што добиле позитивен одговор, на кои им било уважено тужбеното барање, ја експлоатираат шумата, а оние кои тоа право не го оствариле, сега сме сведоци на драстичен пад на животниот стандард, се во ситуација да набавуваат огревно дрво по многу неповолни цени. Барам писмен или усмен одговор од ресорното Министерство на првата наредна седница.

Второто пратеничко прашање се однесува на следново - Регистарски таблици за земјоделски машини,т.е. трактори со приколки до 1988 година беа регистрирани со зелени таблички како трајна регистрација. Оттогаш наваму се укинати зелените таблички, па се воведени бели, за што се бара секоја година тие машини да бидат технички прегледани и регистрирани. Заради овие причини, земјоделците имаат големи потешкотии при секојдневното работење, обавување на работи во земјоделието, бидејќи често пати се принудени да ги минуваат јавните патишта или по нив да вршат неопходни потреби, одење по дизел гориво, носење на добиток на пазар и назад, земјоделски производи до откупните пунктови во градот Куманово и за други потреби, а во кои случаи полицијата им забранува движење по јавните патишта, при што или ги исклучува од сообраќајот или ги казнува.

Ова прашање е важно за сите земјоделци во Републиката, зашто е неопходно потребно и истото да го разгледа и позитивно да го реши Владата на РМ, со што на некој начин на сите земјоделски производители би им се направило големо олеснување и не би биле повеќе изложени на потешкотии од ваков вид.

Напоменувам дека до 1988 година кога беа на сила зелените таблички, немаше никаков проблем од ваков вид, така да земјоделците слободно се движеа по јавните патишта при извршувањето на своите секојдневни активности. Изнесувајќи го горенаведеното, верувам дека ресорното Министерство позитивно ќе се произнесе по овој проблем и набргу земјоделските машини кои се неопходни во земјоделството, ќе ги носат зелените таблички, а земјоделците во иднина без поголеми потешкотии ќе ги обавуваат своите активности. Прашањето е упатено до ресорното Министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, каде што спаѓа и сообраќајот. Молам до наредната седница ресорното Министерство да одговори дали постои можност за враќање на зелените таблички со кои би се елиминирале наведените проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе биде даден писмен одговор само за едниот дел сега ќе одговори министерот за правосудство господин Туше Гошев

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Да одговорам на правото прашање што беше поставено. Судските пресуди, судската власт е независна власт и заради законитоста таа може да се менува само со инстанционото судење односно ревизија, правење на одлуките мериторно, апелации или касација, непосредно од повисокиот суд. Незнам сега до каде е дојдена постапката во врска со

остварувањето на правото на граѓаните пред судовите. Доколку се исцрпени сите правни лекови во редовна постапка, нека ги исцрпат вонредните правни лекови. Тоа се барања за заштита на законитоста, ревизија, повторување на постапката итн. Доколку и тоа е исцрпено, тогаш не постои друг правен инструментариум за исправување на судската пресуда и согласно на Уставот на Република Македонија дека сите судски пресуди треба да ги почитуваме и извршуваме, тогаш останува прашањето така како што судот го решил. Инаку, не постои друг начин за остварување на правото на граѓаните. До- колку се однесува на сопственичка тужба, поточно членот 37 од Законот за основните сопственички права, можат, бидејќи тужбата не застарува за сопственоста, тие можат да покренат постапка пред редовниот суд, сопственичка тужба, дали ќе биде тоа реиндидикат или актиопублицијана, ѓаволско докажување на остварување на правото на сопственост, тоа можат да го направат граѓаните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И на овој дел нека се одговори писмено.

Се јави господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Причините кои ме поведоа да поставам пратеничко прашање се од практична природа, бидејќи во Собранието на општина Дебар, а претпоставувам дека е тоа и во други општини, се доаѓа до еден голем проблем а тоа е извршувањето на општинските одлуки, казните по општинските одлуки. И го поставувам следното прашање - кои се причините што Републичкиот суд за прекршоци ги известува општинските судови за прекршоци да не казнуваат за прекршоци пропишани со одлуки на собранијата на општините, ако се знае дека со одлуката за развластување на општините донесена од Владата на чие чело беше

господин Глигорие Гоговски, сите општински одлуки се презедоа и важеа како републички одлуки. Ова особено се однесува на одлуки за комуналната хигиена, за кое нешто и ден денеска Владата нема донесено свои одлуки. Молам да ми се даде писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се даде писмен одговор. За збор се јави господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас имам прашање до Министерството за образование и физичка култура. За време на т.н. политичка диференцијација што се вршеше во периодот од 1981 до 1990 година, од училиштата со настава на албански јазик, од надлежни СИЗ-ови беше одземена голема количина на литература од албански автори, потоа сликовници, радио касети, наводно заради тоа што со нив се вршела националистичка индотринација.

XIII/1 / ЛП/0М

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

До надлежното Министерство го поставувам прашањето за судбината на истите и дали се мисли тие да им се вратат на училиштата до колку се некаде складирани.

Одговорот го барам по писмен пат.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Еве, стапивме во третата година после новите избори, из- бран беше нов Парламент, нова Влада, втора односно трета, општински собранија, не беа избрани нови совети на месните заедници. Тој вакум продолжува веќе трета година. Во голем број месни заедници се избрани нови совети и тоа одеше без проблем, во дел од месните заедници воопшто нема ни обиди да се изберат нови месни заедници, а во еден дел од месните заедници - ова се однесува за Струга, но важи и за многу други општини - има двојност на власта, има двојни месни заедници. Старата месна заедница не ја предава власта, не ги предава печатите, има случаи да се изберат нови совети во месните заедници, организирани се собири, постапката е сосема легална, не се предадени старите печати, случајот со Лабуништа, така што новиот претседател на Советот на месната заедница заедно со уште еден член дури се гонат кривично за фалсификување на печати. Во многу месни заедници тие совети воопшто не функционираат.

Со оглед дека се одолговлекува донесувањето на Законот за локалната самоуправа, кој на некој начин ќе го решеше и статутот на месните заедници односно начинот, изборот и компетенциите на Советот

на месните заедници, овој празен вакум се користи и за злоупотреби. Напоменувам дека голем дел од старите совети на месните заедници во голем дел се еднопартиски. Има случаи на казни, има случаи и на други проблеми, поголемите села сега се пренатрупани со комунални инфраструктурни проблеми од надлежност на локалната власт и тоа не функционира.

Затоа, се обраќам со конкретно прашање до надлежниот министер за правосудство. Имам сознанија дека министерството за право- судство има излезено пред јавноста со некој став во овој однос, па ме интересира кој е одговорот и до кога ќе продолжи оваа состојба и што ако се случи претстојниот Закон за локална самоуправа не се донесе уште за година дена.

Очекувам усмен одговор.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Со уставните амандмани од 57 до 80 и со донесувањето на новиот Устав на Република Македонија согласно членот 114 и 115 каде на Општината и се дала како на единка на локалната самоуправа и со укинувањето на законот за избор на советите во месните заедници практично не постои можност за избор односно за нови избори во месните заедници, па оттука постои правна пречка да не може да се врши нов избор на советите во месните заедници. Сите направени нови избори во месните заедници се против законити и не може да се прави избор на новите месни заедници.

Што се однесува до прашањето што беше поставено за локалната самоуправа, тоа зависи и од Владата на Република Македонија, и од Собранието на Република Македонија, бидејќи Законот за локална самоуправа е во последна фаза како Предлог на закон за локална

самоуправа, се надевам дека Владата оваа недела ќе го утврди како Предлог на закон и ќе го достави на Собранието, а Собранието ќе ги преземе сите ингеренции во врска со донесувањето на овој законски проект, што фактички ќе се разрешат и сите други прашања кои постојат за организацијата на месната самоуправа.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

До Министерството за правосудство прво прашање: Дали се уште важи Законот за здружен труд и може ли уште да се избираат самоуправни органи, со оглед што имаме нов Устав.

Второ, до Министерството за труд:

Колкав е бројот на невработените во Републиката, кој е критериумот за да се регистрира еден граѓанин како невработен, тоа е второ, трето, колку средства за здравствена заштита се издвојуваат за невработените во Републиката.

Второ прашање до Министерството за труд:

Колку инвалиди се пензионирани во периодот 1991-1992 година, а исто така и 1989-1990 година, каков е нивниот сооднос односно дали имаме пораст, со оглед на тоа што веќе доаѓаме во ситуација на еден невработен имаме двајца пензионери. Дали има намера надлежниот министер да погледа во работата на пензиско инвалидските комисии околу оваа проблематика.

Понатаму, до Министерството за сообраќај и врски, а исто така и во врска со ПТТорганизацијата.

Сакам да поставам едно прашање. Во Општината Струга постои населба Долни Дримкол која е сосема отсечена од животните текови во однос на телефонските врски, исто така е најоддалечената населба во Општината Струга, околу 30 километри и природно е отежната

комуникацијата на оваа населба со градот и пошироко , населбата не располага со никаква телефонска врска, освен Централната пошта, а околу таа населба има уште пет населби. Како ридско планински крај, го поставувам прашањето дали надлежното министерство за сообраќај и врски, а во тој контекст и надлежната организација за ПТТ врски на Републиката презема мерки и активности како одговор на барањата од граѓаните на оваа населба кои датираат многу години наназад да превземе некои мерки и активности за подобрување на состојбата во тој крај.

Истото се однесува пак за тој крај и за тоа Министерство за сообраќај и Електростопанството на Македонија, со оглед на тоа што во овој крај, за чии карактеристики кажавме толку зборови, од 1963 година не е извршена никаква реконструкција на електромеражата, истата е ниско напонска од 220 волти, практично неупотреблива и опасна за граѓаните.

Барам писмено да ми се одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На дел од прашањата министерот Туше Гошев ќе одговори веднаш.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Со донесувањето на законот за претпријатијата дефакто беше укинат Законот за здружен труд и со донесувањето на Законот за работни односи беше укината и IV глава од Законот за здружен труд и последен член кој беше укинат од ова Собрание беше по амандманот на господинот Наќе Стојановски и Томе, каде општествените стопански субјекти можат по основ на владеење да стекнат право на сопственост

на дел од општествен имот и со тоа фактички престанал Законот за здружен труд и тотално е аброгиран.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Задоволен сум од одговорот.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас имав две прашања до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, меѓутоа, првото прашање е скоро потполно идентично со прашањето на колегата од Куманово што го постави Владимир, така што ќе поставам само уште едно прашање.

Да кажам дека има земји кои имаат многу повеќе шума од нас и увезуваат дрво, а извезуваат мебел, за разлика од нас кои сме прилично сиромашни со шуми, меѓутоа, шумските стопанство користејќи го националното богатство обезбедуваат егзистенција за своите вработени и нивните семејства претежно со продажба на необработено дрво дома и во странство. Скоро во истите општини постојат капацитети за преработка на дрво кои заради познатите состојби во стопанството не можат да обезбедат дрво за преработка. Значи, додека едни живеат прилично добро за нашите услови, други се принудени да ги отпуштаат работниците, а шумите исчезнуваат и тоа најквалитетните.

Прашањето е: Дали Владата има увид во тоа каде се извезува дрвото, најквалитетните трупци, па и другите, во која количина и кој ги извезува, има ли некаков ред во сето тоа. Исто така, би се заложил што побрзо да се донесе новиот закон , затоа што мислам дека таа материја е неадекватно регулирана.

Барам одговор во писмена форма.

XIII/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој од пратениците сака да постави прашање?(не)

Бидејќи пратеничките прашања за оваа седница се исцрпени, утре ќе минеме на точките од дневен ред и ќе почнеме во 10,00 часот.

Молам, комисиите кои не разгледувале некои од точките кои се утврдени, да ги разгледаат порано, нека почнат да работат од 8,00 или од 9,00 часот.

Да се подготви пречистен дневен ред и утре да се достави до пратениците.

Сега ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина во 17,40 часот).